
Референтно упатство за корисник

Сплит клима уред монтиран на ѕид





Download the ONECTA app

STAND BY ME
Discover our service offer

FTXJ20B2V1BW
FTXJ25B2V1BW
FTXJ35B2V1BW
FTXJ42B2V1BW
FTXJ50B2V1BW

FTXJ20B2V1BB
FTXJ25B2V1BB
FTXJ35B2V1BB
FTXJ42B2V1BB
FTXJ50B2V1BB

FTXJ20B2V1BS
FTXJ25B2V1BS
FTXJ35B2V1BS
FTXJ42B2V1BS
FTXJ50B2V1BS

Содржина

1 За документацијата 4
1.1 Шифра на производ 4
1.2 За овој документ 4
1.3 Значење на предупредувања и симболи 5

2 Безбедносни упатства за корисник 7
2.1 Општо 7
2.2 Упатства за безбедно работење 8

3 За системот 11
3.1 Внатрешна единица 11
3.1.1 Ламбичка индикатор за Daikin око 12
3.2 За безжичната ЛАН 13
3.2.1 Предупредувања кога се користи безжичниот LAN 13
3.2.2 Основни параметри 13
3.3 За корисничкиот интерфејс 14
3.3.1 Компоненти: Безжичен далечински управувач 14
3.3.2 Да работите со безжичниот далечински управувач 15
3.3.3 Статус: LCD на безжичен далечински управувач 15
3.3.4 Главно мени: Безжичен далечински управувач 17

4 Пред работење 20
4.1 Да ги ставите батериите 20
4.2 Да го намонтирате магнетниот држач за безжичен далечински управувач 21
4.3 Да го вклучите електричното напојување 21
4.4 Поставување на внатрешна единица 21
4.4.1 Осветленост на Daikin окото 22
4.4.2 Отворете го предниот панел 22
4.4.3 Безжично LAN поврзување 22
4.4.4 Функција Вертикален проток на воздух 26
4.4.5 За положбата за инсталирање на внатрешна единица 26
4.4.6 Одржувај суво 27
4.5 Поставување безжичен далечински управувач 28
4.5.1 Да поставите контраст на LCD 28
4.5.2 Да поставите осветленост на LCD 28
4.5.3 Да поставите време на автоматско исклучување на LCD 28
4.5.4 Да поставите автоматски испрати по изборот 29
4.5.5 Да поставите на различен канал на приемникот на инфрацрвен сигнал на внатрешната единица 29

5 Работење 31
5.1 Опсег на работење 31
5.2 Кога да ја користите која функција 31
5.3 Режим на работење и поставена температура 34
5.3.1 Да го започнете/запрете режимот на работење и да ја поставите температурата 35
5.4 Паметно авто 36
5.4.1 Да активирате/запрете функција Паметно авто 36
5.5 Контакт за ВКЛУЧУВАЊЕ/ИСКЛУЧУВАЊЕ 37
5.6 Преференца за топол воздух 38
5.6.1 Да активирате/запрете Преференца за топол воздух 38
5.7 Ограничување на температура 39
5.7.1 Да поставите ограничување на температура 39
5.8 Стапка на проток на воздух 40
5.8.1 Да ја прилагодите стапката на проток на воздух 41
5.9 Насока на проток на воздух 41
5.9.1 Да ја прилагодите насоката на вертикален проток на воздух 43
5.9.2 Да ја прилагодите насоката на хоризонтален проток на воздух 44
5.9.3 Да користите 3D насока на проток на воздух 44
5.9.4 Да ја почнете/запрете операцијата Комфорен проток на воздух 45
5.10 Операција Интелигентно око 45
5.10.1 Да почнете/запрете операција Интелигентно око 46
5.11 Моќно работење 46
5.11.1 Да почнете/запрете Моќно работење 46
5.12 Еконо работење 47
5.12.1 Да почнете/запрете Еконо работење 48
5.13 Тивко работење на надворешна единица 48
5.13.1 За да почне/запре Тивко работење на надворешна единица 48

5.14 Операција Брз електронски прочистувач (прочистување на воздух) ... 49
5.14.1 Да почне/запре операција Брз електронски прочистувач (прочистување на воздух) ... 49
5.15 Поставување часовник и тајмер ... 49
5.15.1 Поставување на часовникот ... 50
5.15.2 Операција ИСКЛУЧУВАЊЕ/ВКЛУЧУВАЊЕ тајмер ... 51
5.15.3 Работење на неделен тајмер ... 53
5.16 За Мулти систем ... 56
5.16.1 Поставување приоритетна просторија ... 56
5.16.2 Ноќен тивок режим ... 57
5.16.3 Заклучување на режим ладење/греење во Мулти систем ... 57

6 Штедење енергија и оптимално работење 59

7 Одржување и сервис 61

7.1 Преглед: Одржување и сервис ... 61
7.2 Да ја исчистите внатрешната единица и безжичниот далечински управувач ... 62
7.3 Да го исчистите предниот панел ... 63
7.4 Да го отворите предниот панел ... 63
7.5 За филтрите за воздух ... 64
7.6 Да ги исчистите филтрите за воздух ... 64
7.7 Да ги исчистите деодорирачкиот филтер од титаниум апатит и филтерот со сребрени честички (Ag-ion филтер) ... 65
7.8 Да ги замените деодорирачкиот филтер од титаниум апатит и филтерот со сребрени честички (Ag-ion филтер) ... 66
7.9 Да го затворите предниот панел ... 66
7.10 Да го извадите предниот панел ... 67
7.11 Имајте ги во предвид следните ставки пред долг период на неактивност ... 68

8 Решавање проблеми 69

8.1 Решавање проблеми за безжично LAN поврзување ... 71
8.2 Решавање проблеми врз основа на шифри за грешка ... 73
8.3 Симптоми што НЕ се дефекти на системот ... 73
8.3.1 Симптом: Се слуша звук како течење вода ... 73
8.3.2 Симптом: Се слуша звук на дување ... 73
8.3.3 Симптом: Се слуша звук на отчукување ... 74
8.3.4 Симптом: Се слуша звук на свиркање ... 74
8.3.5 Симптом: Се слуша звук на кликнување при работење или во мирување ... 74
8.3.6 Симптом: Се слуша звук на плескање ... 74
8.3.7 Симптом: Се слуша звук сличен на факс кога предниот панел е целосно отворен ... 74
8.3.8 Симптом: Бела магла излегува од единицата (внатрешна единица, надворешна единица) ... 74
8.3.9 Симптом: Единиците може да ослободуваат миризба ... 74
8.3.10 Симптом: Надворешниот вентилатор се врти додека клима уредот не работи ... 74
8.3.11 Симптом: Поставката за стапка на проток на воздух НЕ продолжува кога Комфорен проток на воздух е деактивиран од апликацијата ONECTA ... 74
8.3.12 Симптом: Операцијата вертикално автоматско нишање НЕ продолжува откако операцијата Комфорен проток на воздух е деактивирана ... 75
8.3.13 Симптом: Иконите за некои операции не се видливи на безжичниот далечински управувач, или некои функции не може да се активираат во апликацијата ONECTA ... 75
8.3.14 Симптом: Во ONECTA апликацијата, моќно работење НЕ е наведено ако активно ... 75
8.3.15 Симптом: Автоматски режим НЕ е оневозможен во апликацијата ONECTA со поставката Ограничување на температура ... 75
8.3.16 Симптом: Неделниот тајмер НЕ се деактивира кога ограничувањето на температурата е сменето во апликацијата ONECTA ... 75
8.3.17 Симптом: Апликацијата ONECTA одговара со задоцнување ... 75

9 Фрлање 76

10 Речник 77

1 За документацијата

1.1 Шифра на производ

FTXJ20B, FTXJ25B, FTXJ35B, FTXJ42B, FTXJ50B

1.2 За овој документ

Ви благодариме што го купивте овој производ. Ве молиме:

- Внимателно прочитајте ја документацијата пред да работите со корисничкиот интерфејс за да обезбедите најдобри можни перформанси.
- Побарајте од инсталатерот да ве информира за поставките што беа користени за конфигурирање на вашиот систем. Проверете дали табелите со поставки на инсталаторот се пополнети. Ако не се, замолете го инсталаторот да ги пополни.
- Чувајте ја документацијата за понатамошно користење.

Целна група

Крајни корисници

ИНФОРМАЦИИ

Овој уред е наменет да се користи од експерт или обучени корисници во продавници, во лесна индустрија и на фарми, или за комерцијална и употреба во домаќинство од лаици.

Збирка документи

Овој документ е дел од збирка документи. Целосната збирка се состои од:

- **Општи безбедносни предупредувања:**
  - Безбедносни упатства што морате да ги прочитате пред да ракувате со вашиот систем
  - Формат: Дигитални датотеки на https://www.daikin.eu. Користете ја функцијата за пребарување за да го најдете вашиот модел.
- **Упатство за работење:**
  - Брз водич за основно користење
  - Формат: Хартија (во кутијата на внатрешната единица)
- **Референтно упатство за корисник:**
  - Детални упатства чекор по чекор и дополнителни информации за основно и напредно користење
  - Формат: Дигитални датотеки на https://www.daikin.eu. Користете ја функцијата за пребарување за да го најдете вашиот модел.

Најнови ревизии на доставената документација може да се достапни на регионалната Daikin веб-страница или преку вашиот инсталатер.

Скенирајте го QR-кодот подолу за да ја најдете целата збирка документи и повеќе информации за вашиот производ на Daikin веб-страницата.

FTXJ-BB FTXJ-BS FTXJ-BW

Оригиналните упатства се напишани на англиски јазик. Сите други јазици се преводи на оригиналните упатства.

1.3 Значење на предупредувања и симболи

ОПАСНОСТ
Укажува на ситуација која доведува до смрт или сериозна повреда.

ОПАСНОСТ: РИЗИК ОД СТРУЕН УДАР
Укажува на ситуација која може да доведе до струен удар.

ОПАСНОСТ: РИЗИК ОД ГОРЕЊЕ/ПАЛЕЊЕ
Укажува на ситуација која може да доведе до запалување/палење поради екстремно високи или ниски температури.

ОПАСНОСТ: РИЗИК ОД ЕКСПЛОЗИЈА
Укажува на ситуација која може да доведе до експлозија.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ
Укажува на ситуација која доведува до смрт или сериозна повреда.

ВНИМАНИЕ
Укажува на ситуација која доведува до мала или умерена повреда.

НАПОМЕНА
Укажува на ситуација која може да доведе до оштетување на опрема или имот.

ИНФОРМАЦИИ
Укажува на корисни совети или дополнителни информации.

Симболи што се користат на единицата:

Симбол	Објаснување
	Пред инсталацијата, прочитајте го упатство за инсталација и работење и упатството за вжичување.
	Пред да извршувате одржување и задачи на сервисирање, прочитајте го упатството за сервисирање.
	За повеќе информации, погледнете го референтно упатство за инсталатер и корисник.
	Единицата содржи ротирачки делови. Внимавајте кога ја сервисирате или прегледувате единицата.

Симболи што се користат во документацијата:

Симбол	Објаснување
	Укажува на наслов на слика или упатување до истата. **Пример:** " 1–3 Наслов на слика " значи "Слика 3 во поглавје 1".
	Укажува на наслов на табела или упатување до истата. **Пример:** " 1–3 Наслов на табела" значи "Табела 3 во поглавје 1".

2 Безбедносни упатства за корисник

Секогаш придржувајте се на следните безбедносни упатства и прописи.

2.1 Општо

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Ако НЕ сте сигурни како да работите со единицата, контактирајте со инсталатерот.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Овој уред може да се користи од деца на возраст од 8 години и повеќе и лица со намалени физички, сензорни или ментални способности, или недостаток на искуство и знаење, ако се под надзор или се упатувани во врска со користењето на уредот на безбеден начин и ги разбираат вклучените ризици.

Деца НЕ СМЕАТ да играат со уредот.

Чистењето и корисничкото одржување НЕ СМЕЕ да се извршува од деца без надзор.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

За да спречите струен удар или пожар:

- НЕ плакнете ја единицата.
- НЕ работете со единицата со влажни раце.
- НЕ ставајте никакви предмети кои содржат вода на единицата.

ВНИМАНИЕ

- НЕ ставајте никакви предмети или опрема врз единицата.
- НЕ седете, не качувајте се и не стојте на единицата.

- Единиците се означени со следниот симбол:



Ова значи дека електрични и електронски производи НЕ може да се мешаат со несортиран отпад од домаќинство. НЕ обидувајте се самите да го расклопите системот: расклопувањето на системот, третирањето на разладното средство, на маслото и на другите делови МОРА да се изврши од овластен инсталатер и МОРА да соодветствува со применливата легислатива.

Единиците МОРА да бидат третирани во специјализиран капацитет за третирање за повторно користење, рециклирање и поправка. Со тоа што ќе се осигурате дека овој производ е правилно фрлен, ќе помогнете да се спречат потенцијални негативни последици за околината и здравјето на луѓето. За повеќе информации, контактирајте со инсталатерот или локалните власти.

- Батериите се означени со следниот симбол:



Ова значи дека батериите НЕ смее да се мешаат со несортиран отпад од домаќинството. Ако хемиски симбол е отпечатен под симболот, тој хемиски

симбол значи дека батеријата содржи тежок метал над одредена концентрација.

Можни хемиски симболи се: Pb: олово (>0,004%).

Отпадните батерии МОРА да бидат третирани во специјализиран капацитет за третирање за повторно користење. Со тоа што ќе се осигурате дека отпадните батерии се правилно фрлени, ќе помогнете да се спречат потенцијални негативни последици за околината и здравјето на луѓето.

2.2 Упатства за безбедно работење



ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ: БЛАГО ЗАПАЛИВ МАТЕРИЈАЛ

Разладното средство во единицата е слабо запаливо.



ВНИМАНИЕ

Внатрешната единица содржи радио опрема, минималното растојание помеѓу делот на опремата што емитува и корисникот е 10 cm.



ВНИМАНИЕ

НЕ ставајте прсти, прачки или други предмети во влезот или излезот за воздух. Кога вентилаторот се врти со висока брзина, тоа може да предизвика повреда.



ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

- НЕ модификувајте ја, не расклопувајте ја, не отстранувајте ја, не инсталирајте ја повторно и не поправајте ја единицата самите бидејќи неправилно расклопување или инсталирање може да предизвика струен удар или пожар. Контактирајте го вашиот продавач.
- Во случај на несакани истекувања на разладно средство, уверете се дека нема отворен оган. Разладното средство само по себе е целосно безбедно, нетоксично и слабо запаливо, но ќе создаде токсичен гас кога случајно ќе истече во просторија каде што е присутен запалив воздух од калорифери, шпорети на гас и сл. Секогаш побарајте квалификуван сервисен персонал да потврди дека местото на истекување е поправено или коригирано пред да продолжите со користење.



ВНИМАНИЕ

СЕКОГАШ користете безжичен далечински управувач (ако е применливо) да ја прилагодите положбата на подвижните капаци и отворите за воздух. Кога подвижните капаци и отворите за воздух се нишаат, а вие ги движите присилно со рака, механизмот ќе се скрши.



ВНИМАНИЕ

НИКОГАШ не изложувајте мали деца, растенија или животни директно на протокот на воздух.



ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

НЕ ставајте шише со запалив спреј во близина на клима уредот и НЕ користете распрскувачи во близина на единицата. Тоа може да предизвика пожар.

ВНИМАНИЕ

НЕ активирајте го системот кога користите инсектицид за простории од тип за фумигација. Може да се соберат хемикалии во единицата и да го загрозат здравјето на луѓето кои се пречувствителни на хемикалии.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

- Разладното средство во единицата е слабо запаливо, но нормално НЕ истекува. Ако разладното средство истекува во просторијата и доаѓа во контакт со оган од горилник, греалка или шпорет, тоа може да предизвика пожар или формирање штетен гас.
- ИСКЛУЧЕТЕ ги сите запаливи уреди за греење, проветрете ја просторијата и контактирајте со продавачот каде сте ја купиле единицата.
- НЕ користете ја единицата додека сервисер не потврди дека делот од кој истекувало разладно средство е поправен.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

- НЕ дупчете ги и не согорувајте ги деловите што се користат во циклусот на разладното средство.
- НЕ користете материјали за чистење или начини да го забрзате процесот на одмрзнување поинакви од оние што се препорачани од производителот.
- Имајте во предвид дека разладното средство во системот нема мирис.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Уредот треба да се складира така за да се спречи механичко оштетување и во добро проветрена просторија без постојано функционални извори на палење (пр. отворен оган, апарат кој работи на гас или електрична греалка која работи). Големината на просторијата треба да е како што е наведено во Општите безбедносни предупредувања.

ОПАСНОСТ: РИЗИК ОД СТРУЕН УДАР

За да го исчистите клима уредот или филтерот за воздух, уверете се дека сте го запреле работењето и сте ги ИСКЛУЧИЛЕ сите електрични напојувања. Во спротивно, може да настане струен удар и повреда.

ВНИМАНИЕ

По долго користење, проверете го држачот за единица и опремата за оштетување. Ако има оштетување, единицата може да падне и да предизвика повреда.

ВНИМАНИЕ

НЕ допирајте ги ребрата на разменувачот на топлина. Овие ребра се остри и може да предизвикаат исеченици.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Внимавајте со скалите кога работите на високи места.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Несоодветни детергенти или постапка на чистење може да предизвикаат оштетување на пластичните компоненти или протекување вода. Испрсканиот детергент на електричните компоненти, како мотори, може да предизвика неправилно работење, чад или запалување.



ОПАСНОСТ: РИЗИК ОД СТРУЕН УДАР

Пред чистење, уверете се дека сте го запреле работењето, сте го ИСКЛУЧИЛЕ осигурувачот или сте го извлекле кабелот за напојување. Во спротивно, може да настане струен удар и повреда.



ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Запрете го работењето и ИСКЛУЧЕТЕ го напојувањето ако се случи нешто невообичаено (мирис на изгорено и сл.).

Оставањето на единицата да работи под такви околности може да предизвика дефект, струен удар или пожар. Контактирајте го вашиот продавач.



ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Ако кабелот за електрично напојување е оштетен, тој МОРА да се замени од производителот, негов сервисер или слично квалификувани лица за да се избегне опасност.

3 За системот



ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ: БЛАГО ЗАПАЛИВ МАТЕРИЈАЛ

Разладното средство во единицата е слабо запаливо.



ВНИМАНИЕ

Внатрешната единица содржи радио опрема, минималното растојание помеѓу делот на опремата што емитува и корисникот е 10 cm.



НАПОМЕНА

НЕ користете го системот за други цели. За да избегнете какво било нарушување на квалитетот, НЕ користете ја единицата за ладење прецизни инструменти, храна, растенија, животни или уметнички дела.

3.1 Внатрешна единица



ВНИМАНИЕ

НЕ ставајте прсти, прачки или други предмети во влезот или излезот за воздух. Кога вентилаторот се врти со висока брзина, тоа може да предизвика повреда.




ИНФОРМАЦИИ

Нивото на звучен притисок е помало од 70 dBA.



ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

- НЕ модификувајте ја, не расклопувајте ја, не отстранувајте ја, не инсталирајте ја повторно и не поправајте ја единицата самите бидејќи неправилно расклопување или инсталирање може да предизвика струен удар или пожар. Контактирајте го вашиот продавач.
- Во случај на несакани истекувања на разладно средство, уверете се дека нема отворен оган. Разладното средство само по себе е целосно безбедно, нетоксично и слабо запаливо, но ќе создаде токсичен гас кога случајно ќе истече во просторија каде што е присутен запалив воздух од калорифери, шпорети на гас и сл. Секогаш побарајте квалификуван сервисен персонал да потврди дека местото на истекување е поправено или коригирано пред да продолжите со користење.



a Влез за воздух
b Излез за воздух
c Преден панел
d Сензор Интелигентно око
e Копче ON/OFF, Daikin око и ламбичка за тајмер
f Кориснички интерфејс (безжичен далечински управувач)
g Филтер за воздух
h Деодорирачки филтер од титаниум апатит и филтер со сребрени честички (Ag-ion филтер) (со рамка)
i Отвори за воздух (вертикални лопатки)
j Подвижни капаци (хоризонтални лопатки)


Копче за ВКЛУЧУВАЊЕ/ИСКЛУЧУВАЊЕ

Ако недостасува корисничкиот интерфејс (на пр. безжичен далечински управувач), може да го користите копчето ВКЛУЧУВАЊЕ/ИСКЛУЧУВАЊЕ на внатрешната единица да почнете/запрете работење. Кога започнува работење со користење на ова копче, се користат следниве поставки:

- Режим на работење = Автоматски
- Поставка за температура = 25°C
- Стапка на проток на воздух = Автоматски

3.1.1 Ламбичка индикатор за Daikin око

Бојата на Daikin око ќе се менува според операцијата.



a ON/OFF копче
b Daikin око (со приемник на инфрацрвен сигнал)

Работење	Боја на Daikin око
Автоматски	Црвено/сино
Ладење	Сина
Греење	Црвена
Само вентилатор	Бела

Работење	Боја на Daikin око
Сушење	Зелена
Работење на тајмер	Портокалово[a]

[a] Кога е поставена операција ИСКЛУЧЕН/ВКЛУЧЕН тајмер или Неделен тајмер, Daikin окото повремено се менува во портокалово. По светкањето портокалово околу 10 секунди се враќа во бојата на режим на работење за 3 минути. **Пример:** Кога е поставен тајмерот при операцијата ладење, Daikin окото периодично ќе свети портокалово 10 секунди, а потоа ќе се префрли на сино 3 минути.

3.2 За безжичната ЛАН

За детални спецификации, упатства за инсталација, начини на поставување, ЧПП, изјава за сообразност и најновата верзија од овој прирачник, посетете app.daikineurope.com.

ИНФОРМАЦИИ: Изјава за сообразност

Daikin Industries Czech Republic s.r.o. изјавува дека типот на радио опрема во внатрешноста на оваа единица е во согласност со Директивата 2014/53/EU.

3.2.1 Предупредувања кога се користи безжичниот LAN

НЕ користете го во близина на:

- **Медицинска опрема.** Пр. лица што користат срцеви пејсмејкери или дефибрилатори. Овој производ може да предизвика електромагнетна интерференција.
- **Опрема за автоматска контрола.** Пр. автоматски врати или опрема за противпожарен аларм. Овој производ може да предизвика неправилно работење на опремата.
- **Микробранова печка.** Може да влијае на безжични LAN комуникации.

3.2.2 Основни параметри

Која	Вредност
Фреквенциски опсег	2400 MHz~2483.5 MHz
Радиопротокол	IEEE 802.11b/g/n
Канал на радиофреквенција	1~13
Излезна моќност	13 dBm
Ефективна изѕрачена моќност	15 dBm (11b) / 14 dBm (11g) / 14 dBm (11n)
Снабдување со електрична енергија	DC 14 V / 100 mA

3.3 За корисничкиот интерфејс

Безжичен далечински управувач

ИНФОРМАЦИИ


Внатрешната единица е испорачана со безжичен далечински управувач како кориснички интерфејс. Ова упатство опишува само работење со овој кориснички интерфејс. Ако друг кориснички интерфејс е поврзан, погледнете го упатството за работење на поврзаниот кориснички интерфејс.

- **Директна сончева светлина.** НЕ изложувајте го безжичниот далечински управувач на директна сончева светлина.
- **Прав.** Прав на пренесувачот на сигнал или на приемникот ќе ја намали чувствителноста. Избришете ја правта со мека крпа.
- **Флуоресцентни светла.** Сигналната комуникација може да биде оневозможена ако има флуоресцентни ламби во просторијата. Во тој случај, контактирајте со инсталатерот.
- **Други уреди.** Ако сигналите на безжичниот далечински управувач активираат други уреди, преместете ги другите уреди или контактирајте со инсталатер.
- **Завеси.** Уверете се дека завесите или други предмети НЕ го блокираат сигналот помеѓу единицата и безжичниот далечински управувач.

НАПОМЕНА


- НЕ испуштајте го безжичниот далечински управувач.
- НЕ дозволувајте безжичниот далечински управувач да се намокри.

3.3.1 Компоненти: Безжичен далечински управувач



a LCD екран
b Копчиња за зголемување/намалување температура и за движење низ мени нагоре/надолу
c Копче за ВКЛУЧУВАЊЕ/ИСКЛУЧУВАЊЕ
d Копче Моќно работење
e Копчиња за движење низ мени лево/десно
f Копче за потврдување
g Копче главно мени
h Тивко работење на надворешна единица
i Копче за избирање режим (автоматски, ладење, греење, сушење, само вентилатор)
j Копче за поставување стапка на проток на воздух

3.3.2 Да работите со безжичниот далечински управувач



a Приемник на инфрацрвен сигнал

Белешка: Уверете се дека нема пречки во опсег од 500 mm под приемникот на инфрацрвен сигнал. Тие може да влијаат на квалитетот на прием на безжичниот далечински управувач.

1 Насочете го пренесувачот на сигнал кон приемникот на инфрацрвен сигнал на внатрешната единица (максималното растојание за комуникација е 7 m).

Резултат: Кога внатрешната единица ќе го прими сигналот од безжичниот далечински управувач, ќе слушнете звук:

Звук	Опис
Бип-бип	Работењето започнува.
Бип	Поставката се менува.
Долг бип	Работењето запира.
Троен бип	Сигнал за одбивање (на пр. операцијата е блокирана од контактот за ВКЛУЧУВАЊЕ/ ИСКЛУЧУВАЊЕ)

3.3.3 Статус: LCD на безжичен далечински управувач

Почетен екран

Почетен екран кога единицата е ВКЛУЧЕНА



Почетен екран кога единицата е ИСКЛУЧЕНА



a Поставување тековна вредност на температура
b Икони на активни карактеристики

Следниве карактеристики не може да се постават кога единицата е ИСКЛУЧЕНА; поставките ќе бидат активни кога единицата е ВКЛУЧЕНА.

- Копчиња: вентилатор, режими на работење, тивко работење на надворешна единица
- Мени: сите карактеристики на мени освен ЕКОНО работење.

Почетен екран во тек на режим само вентилатор и сушење

Во текот на режим само вентилатор или сушење, поставената вредност на температурата е заменета со иконата само вентилатор или сушење.

Режим само вентилатор



Режим сушење



Редослед на икони на активни карактеристики

Во зависност од тековно поставените карактеристики, иконите ќе се прикажуваат по следниот редослед на долниот дел на LCD (од лево кон десно):

Икона	Опис
	Батеријата е слаба "4.1 Да ги ставите батериите" [▸ 20]
	Еконо или моќно работење "5.11 Моќно работење" [▸ 46]
	Режим на работење "5.3 Режим на работење и поставена температура" [▸ 34]
 ...	Стапка на проток на воздух "5.8 Стапка на проток на воздух" [▸ 40]
	Насока на проток на воздух "5.9 Насока на проток на воздух" [▸ 41]
	Операција Брз електронски прочистувач (прочистување) "5.14 Операција Брз електронски прочистувач (прочистување на воздух)" [▸ 49]
	Тивко работење на надворешна единица "5.13 Тивко работење на надворешна единица" [▸ 48]


Икона	Опис
	Операција Интелигентно око "5.10 Операција Интелигентно око" [▸ 45]
	Комфорно работење "5.9 Насока на проток на воздух" [▸ 41]
WEEK	Неделен тајмер "5.15.3 Работење на неделен тајмер" [▸ 53]
ON	Вклучен тајмер "5.15.2 Операција ИСКЛУЧУВАЊЕ/ВКЛУЧУВАЊЕ тајмер" [▸ 51]
OFF	Исклучен тајмер "5.15.2 Операција ИСКЛУЧУВАЊЕ/ВКЛУЧУВАЊЕ тајмер" [▸ 51]
	Активни се повеќе икони отколку што може да собере на почетниот екран. Користете < или > да се движите низ листата со икони.

3.3.4 Главно мени: Безжичен далечински управувач

Општи принципи за движење

Копче	Функција
···	Копче Мени да влезете/излезете од главното мени
< / >	Копче лево/десно за движење низ: ▪ икони на почетниот екран ▪ менија
^ / v	Копче нагоре/надолу за: ▪ поставување температура ▪ избирање на поставка (**Пример:** ON → OFF)
v	Копче за потврдување да го потврдите изборот или да влезете во менијата за поставки

Пример:



Резултат: Потврдувањето на изборот ќе ве врати на почетниот екран. Иконата функција ќе се појави/исчезне од почетниот екран.

Преглед на мени	
	Брз електронски прочистувач "5.14 Операција Брз електронски прочистувач (прочистување на воздух)" [▸ 49]
	Еконо "5.12 Еконо работење" [▸ 47] **Забелешка:** ⊘ (функцијата е забранета) се прикажува на екранот кога операцијата е ИСКЛУЧЕНА или е во режим само вентилатор.

Преглед на мени		
	Интелигентно око "5.10 Операција Интелигентно око" [▸ 45]	
	Мени за поставување на насоката на проток на воздух "5.9 Насока на проток на воздух" [▸ 41]	
		Хоризонтален проток на воздух (лулање или фиксно)
		Вертикален проток на воздух (лулање или фиксно)
		Операција Комфорен проток на воздух **Забелешка:** ⊘ (функцијата е забранета) се прикажува на екранот кога операцијата е ИСКЛУЧЕНА или е во режим само вентилатор.
	Мени за поставување часовник и тајмер "5.15 Поставување часовник и тајмер" [▸ 49]	
		ВКЛУЧЕН тајмер **Забелешка:** Се прикажува само ако е поставен часовник
		ИСКЛУЧЕН тајмер **Забелешка:** Се прикажува само ако е поставен часовник
		Неделен тајмер **Забелешка:** Се прикажува само ако е поставен часовник
		Часовник
	Мени за поставување на внатрешна единица "4.4 Поставување на внатрешна единица" [▸ 21]	
		Осветленост на Daikin окото
		Отворете го предниот панел кога единица е ИСКЛУЧЕНА **Забелешка:** ⊘ (функцијата е забранета) се прикажува на екранот кога операцијата е ВКЛУЧЕНА. Кога единицата работи, предниот панел се отвора автоматски.
		Безжично ЛАН поврзување **Забелешка:** ⊘ (функцијата е забранета) се прикажува на екранот кога операцијата е ВКЛУЧЕНА.
		Паметно авто "5.4 Паметно авто" [▸ 36]
		Поставување за вертикален проток на воздух
		Преференција за топол воздух "5.6 Преференца за топол воздух" [▸ 38]
		Положба на внатрешната единица
		Одржувај суво

Преглед на мени		
	Мени за поставување безжичен далечински управувач "4.5 Поставување безжичен далечински управувач" [▸ 28]	
		Контраст на LCD на безжичен далечински управувач
		Осветленост на LCD на безжичен далечински управувач
		Време на автоматско ИСКЛУЧУВАЊЕ на LCD
		Автоматски испрати по избран интервал
		Сменете го каналот за инфрацрвениот приемник на внатрешната единица да избегнете конфузија на сигналот на безжичниот далечински управувач (**Пример:** кога се инсталирани 2 внатрешни единици во иста просторија)
		Верзија на софтвер и мени за самодијагностицирање
		 Пробно вклучување во тек на технички прием (за инсталатер или сервисер)
		 Покажување шифра за грешка од безжичниот далечински управувач "8.2 Решавање проблеми врз основа на шифри за грешка" [▸ 73]
		 Поставување за Ограничување на температура "5.7 Ограничување на температура" [▸ 39]
		QR-код за ONECTA апликацијата "Да ја инсталирате апликацијата ONECTA" [▸ 23]

4 Пред работење


Во ова поглавје

4.1 Да ги ставите батериите 20
4.2 Да го намонтирате магнетниот држач за безжичен далечински управувач 21
4.3 Да го вклучите електричното напојување 21
4.4 Поставување на внатрешна единица 21
4.4.1 Осветленост на Daikin окото 22
4.4.2 Отворете го предниот панел 22
4.4.3 Безжично LAN поврзување 22
4.4.4 Функција Вертикален проток на воздух 26
4.4.5 За положбата за инсталирање на внатрешна единица 26
4.4.6 Одржувај суво 27
4.5 Поставување безжичен далечински управувач 28
4.5.1 Да поставите контраст на LCD 28
4.5.2 Да поставите осветленост на LCD 28
4.5.3 Да поставите време на автоматско исклучување на LCD 28
4.5.4 Да поставите автоматски испрати по изборот 29
4.5.5 Да поставите на различен канал на приемникот на инфрацрвен сигнал на внатрешната единица 29

4.1 Да ги ставите батериите

Батериите ќе траат околу 1 година.


1. Извадете го задниот капак.
2. Ставете ги двете батерии одеднаш.
3. Вратете го капакот.



ИНФОРМАЦИИ

- За слаба батерија укажува трепкањето на LCD екранот (прва положба).
- Кога батериите се слаби, функциите на безжичниот далечински управувач се суспендирани и можете само да ја ИСКЛУЧИТЕ операцијата, сите функции на тајмерот се ИСКЛУЧЕНИ. Заменете ги батериите колку што е можно побрзо.
- СЕКОГАШ менувајте ги двете батерии заедно.

4.2 Да го намонтирате магнетниот држач за безжичен далечински управувач



a Безжичен далечински управувач
b Шрафови (се набавува на лице место)
c Магнетен држач за безжичен далечински управувач

1 Изберете место каде сигналите доаѓаат до единицата.

2 Закачете го држачот со шрафови на ѕидот или на слична локација.

3 Закачете го безжичниот далечински управувач на држачот.

ИНФОРМАЦИИ

Држачот за безжичен далечински управувач е магнетен. Осигурете се дека сте го инсталирале држачот со правилната страна нагоре.

4.3 Да го вклучите електричното напојување

1 Ставете го осигуруваčот во положба вклучено.

Резултат: Капакот на внатрешната единица ќе се отвори и затвори за да ја постави референтната положба.

4.4 Поставување на внатрешна единица

1 Влезете во главното мени со притискање на ··· и движете се низ менито за поставување на внатрешната единица со користење < и >. Притиснете ✓ за да влезете во менито.

Мени за поставување на внатрешна единица



2 Извршете ги поставките наведени подолу.

3 Притиснете ✓ за да се вратите на главното мени или притиснете ··· за да излезете на почетниот екран.

Поставување листа

4.4.1 Осветленост на Daikin окото 22
4.4.2 Отворете го предниот панел 22
4.4.3 Безжично LAN поврзување 22

4.4.4 Функција Вертикален проток на воздух 26
4.4.5 За положбата за инсталирање на внатрешна единица 26
4.4.6 Одржувај суво 27

4.4.1 Осветленост на Daikin окото

Може да ја поставите осветленоста на Daikin окото на внатрешната единица на висока, ниска или да ја ИСКЛУЧИТЕ.

Да поставите на осветленост на Daikin окото

1 Во менито за поставување на внатрешната единица, движете до екранот за поставување осветленост на Daikin окото со користење < и >.

Висока **Ниска** **ИСКЛУЧЕНО**



2 Сменете ја поставката со користење ^ и v.

Резултат: Осветленоста на Daikin окото се менува.

3 Повторно притиснете ✓ да се вратите на главното мени или притиснете ··· да се вратите на почетниот екран.

4.4.2 Отворете го предниот панел

Предниот панел автоматски се отвара кога започнува работењето. Кога сакате да го отворите предниот панел кога работењето е ИСКЛУЧЕНО, користете ја оваа карактеристика. **Пример:** во тек на одржување.

Да го отворите предниот панел со користење на безжичниот далечински управувач

1 Уверете се дека рботењето е ИСКЛУЧЕНО. Ако не е, ИСКЛУЧЕТЕ го со користење ⏻.

2 Во менито за поставување на внатрешната единица, движете се да го отворите екранот на предниот панел со користење < и >.

Отворете го екранот на предниот панел



3 Притиснете ✓ да потврдите.

Резултат: Предниот панел се отвора.

4 Повторно притиснете ✓ да го затворите предниот панел или притиснете ··· да се вратите на почетниот екран.

4.4.3 Безжично LAN поврзување


Едноставно поврзете ја вашата единица на вашата домашна мрежа и преземете ја апликацијата да го смените термостатот, да поставувате распореди за температура, да ја прегледувате вашата потрошувачка на енергија и повеќе.

За детали за спецификации, начини на поставување, ЧПП, совети за решавање проблеми, посетете app.daikineurope.com.

Клиентот е должен да обезбеди:

- Паметен телефон или таблет со минимална поддржана верзија на Android или iOS, наведена на app.daikineurope.com.
- Интернет линија и комуникациски уред како што е модем, пренасочувач и сл.
- Безжична ЛАН точка на пристап
- Инсталирана бесплатна апликација ONECTA

Белешка: Ако е потребно SSID (Идентификатор на мрежа) и KEY (лозинка) се наоѓаат на единицата.



a Етикета со SSID и KEY

Предупредувања кога се користи безжичниот LAN

НЕ користете го во близина на:

- **Медицинска опрема.** Пр. лица што користат срцеви пејсмејкери или дефибрилатори. Овој производ може да предизвика електромагнетна интерференција.
- **Опрема за автоматска контрола.** Пр. автоматски врати или опрема за противпожарен аларм. Овој производ може да предизвика неправилно работење на опремата.
- **Микробранова печка.** Може да влијае на безжични LAN комуникации.

Да ја инсталирате апликацијата ONECTA

1 Одете на Google Play (за Android уреди) или на App Store (за iOS уреди) и пребарајте "ONECTA".

2 Следете ги упатствата на екранот да ја инсталирате апликацијата ONECTA .

Пребарајте ја апликацијата директно со користење на QR на екранот на безжичниот далечински управувач

1 Влезете во главното мени со притискање ··· и движете се до менито за поставување на безжичниот далечински управувач со користење < и >.

2 Притиснете ✓ да влезете во менито.

Мени за поставување безжичен далечински управувач



3 Движете се до екранот со QR-код со користење < и >.

4 Скенирајте го QR-кодот со паметен телефон или други паметни уреди.

Резултат: QR-кодот ќе ве пренасочи до App Store или Google Play.



5 Следете ги упатствата на екранот да инсталирате.

ИНФОРМАЦИИ

Ако QR-кодот тешко се чита, заменете го прикажаниот QR-код со користење ^ или v, а потоа обидете се повторно.

Да поставите безжично поврзување

Има две опции за поврзување на безжичниот адаптер на вашата домашна мрежа.

- Користете или режим Точка на пристап (SSID и KEY) или копчето WPS. Отворете ја апликацијата ONECTA и следете ги упатствата на екранот.

За повеќе информации и ЧПП погледнете app.daikineurope.com.


Белешка: поставувањето е извршено од безжичниот далечински управувач во менито за поставување безжична ЛАН. Во текот на поставувањето, секогаш насочувајте го безжичниот далечински управувач на инфрацрвениот приемник на сигнал на единицата.

ИНФОРМАЦИИ

Уверете се дека работењето е запрено пред да поставите безжично поврзување. Поврзувањето НЕ МОЖЕ да се направи кога единицата работи.

1 **Запрете го работењето** пред да поставите безжично поврзување.

2 Уверете се дека безжичниот пренасочувач е доволно блиску до единицата и дека ништо не го попречува сигналот.

Мени	Опис
	▪ ON = Безжична LAN ON (AP режим/RUN режим (SSID + KEY) поставување поврзување) ▪ OFF = Безжична LAN OFF
	Излезете од мени за поставување
	Поставување WPS поврзување
	Ресетирај на фабрички стандард

Мени	Опис
	Проверка на статус на поврзување


Да потврдите статус на безжично LAN поврзување

1 Одете до екранот со статус со користење < и >. Притиснете ✓ за да потврдите.

Екран со статус



2 Проверете го Daikin окото.



a Daikin око
b Делумно зелено
c Црвено, портокалово или сино

Бојата на Daikin окото се менува помеѓу делумно зелено и...	...тогаш безжичниот адаптер е...
Црвена	не е поврзана
портокалова	работи и е подготвен да се поврзе на домашната мрежа преку копчето WPS.
сина	поврзана на домашната мрежа: ▪ преку режим Точка на пристап или ▪ преку копчето WPS на пренасочувачот.

3 Притиснете ··· за да излезете од почетниот екран или користете го екранот EXIT да се вратите до менито за поставување на внатрешната единица.

Да го ресетирате поставувањето на поврзување на фабричкиот стандард

Ресетирајте го поставувањето на поврзување на фабричкиот стандард во случај ако сакате да:

- го исклучите безжичниот LAN и комуникациски уред (пр. пренасочувач) или паметен уред.
- го повторите поставувањето ако поврзувањето било неуспешно.

1 Одете до екранот RESET со користење < и >. Притиснете ✓ да го потврдите изборот.

Резултат: Поставувањето се ресетира на фабричкиот стандард.

Ресетирај екран



2 Притиснете ··· да излезете од почетниот екран или користете го екранот EXIT да се вратите до менито за поставување на внатрешната единица.

Да го исклучите безжичното LAN поврзување


1 Влезете во менито за поставување безжично ЛАН поврзување и сменете ја поставката во OFF со користење ^ и v. Притиснете v да го потврдите изборот.

Резултат: Daikin окото се менува помеѓу зелено и бело. Комуникацијата е ИСКЛУЧЕНА.


4.4.4 Функција Вертикален проток на воздух

Оваа функција помага со оптимален проток на воздух и дистрибуција на температура во режим на работење греење. Може да ја ИСКЛУЧИТЕ оваа функција во случај ако има мебел или друг предмет под единицата.

Вертикален проток на воздух ИСКЛУЧЕН



Вертикален проток на воздух ВКЛУЧЕН



Да ја ВКЛУЧИТЕ/ИСКЛУЧИТЕ функцијата вертикален проток на воздух

1 Во менито за поставување на внатрешната единица движете се до поставувањето на вертикален проток на воздух со користење < и >.

Функција Вертикален проток на воздух ВКЛУЧЕНА



Функција Вертикален проток на воздух ИСКЛУЧЕНА



2 Сменете ја поставката со користење ^ и v.

3 Притиснете v да го потврдите изборот.

4 Повторно притиснете v да се вратите на главното мени или притиснете ··· да се вратите на почетниот екран.

4.4.5 За положбата за инсталирање на внатрешна единица

Кога внатрешната единица е инсталирана блиску до ѕид од едната страна, сменете ја оваа поставка да избегнете директен проток на воздух кон ѕидовите.




Да ја смените поставеноста на положбата на внатрешната единица

1 Во менито за поставување на внатрешната единица, движете се до поставувањето на внатрешна единица со користење ‹ и ›. Притиснете ✓ да влезете во поставувањето.

Поставување на положба на внатрешна единица



2 Избери ја поставката според положбата за инсталирање со користење ‹ и ›. Потоа потврдете со користење ✓.

Ако единицата е…	Поставување	Резултат
На средината на ѕидот (стандардно фабричко поставување)		
≤500 mm од ѕидот надесно		
≤500 mm од ѕидот налево		

3 Повторно притиснете ✓ да се вратите на главното мени или притиснете ··· да се вратите на почетниот екран.


4.4.6 Одржувај суво

Кога единицата ќе ја достигне поставената вредност на температура во тек на операција ладење, вентилаторот ќе се ИСКЛУЧИ да се избегне зголемување на влажност во просторијата. Ако сакате вентилаторот да продолжи да работи, оневозможете ја оваа функција.

Да ја ВКЛУЧИТЕ/ИСКЛУЧИТЕ функцијата одржувај суво

1 Во менито за поставување на внатрешната единица движете се до одржувај суво со користење ‹ и ›.

Функција одржувај суво ВКЛУЧЕНА



Резултат: Вентилаторот запира откако единицата ја достигнала поставената вредност на температура во операција ладење.

Функција Одржувај суво ИСКЛУЧЕНА



Резултат: Вентилаторот се активира откако единицата ја достигнала поставената вредност на температура во операција ладење.

2 Сменете ја поставката со користење ^ и ˇ.

3 Притиснете ✓ да го потврдите изборот.

4 Повторно притиснете ✓ да се вратите на главното мени или притиснете ··· да се вратите на почетниот екран.

4.5 Поставување безжичен далечински управувач

1 Влезете во главното мени со притискање ··· и движете се до менито за поставување на безжичниот далечински управувач со користење ‹ и ›. Притиснете ✓ да влезете во менито.

Мени за поставување безжичен далечински управувач



2 Извршете ги поставките наведени подолу.

3 Притиснете ✓ да се вратите на главното мени или притиснете ··· да излезете на почетниот екран.

Поставување листа

4.5.1 Да поставите контраст на LCD 28
4.5.2 Да поставите осветленост на LCD 28
4.5.3 Да поставите време на автоматско исклучување на LCD 28
4.5.4 Да поставите автоматски испрати по изборот 29
4.5.5 Да поставите на различен канал на приемникот на инфрацрвен сигнал на внатрешната единица 29

4.5.1 Да поставите контраст на LCD

1 Во менито за поставување на безжичен далечински управувач, движете до екранот за поставување контраст на LCD окото со користење ‹ и ›.

Поставување најнизок контраст



Поставување највисок контраст



2 Сменете ја поставката за контраст со користење ^ и ⌄ (6 нивоа).

4.5.2 Да поставите осветленост на LCD

1 Во менито за поставување на безжичен далечински управувач, движете до поставување осветленост на LCD окото со користење ‹ и ›.

Поставување најниска осветленост



Поставување највисока осветленост




2 Сменете ја поставката за осветленост со користење ^ и ⌄ (6 нивоа).


4.5.3 Да поставите време на автоматско исклучување на LCD

1 Во менито за поставување на безжичен далечински управувач, движете до поставување време на исклучување на LCD со користење ‹ и ›.

Екранот ќе се ИСКЛУЧИ по 5 секунди



Екранот ќе се ИСКЛУЧИ по 20 секунди




2 Сменете ја поставката со користење ^ и v. Минимумот е 5 секунди, а максимумот е 20 секунди. Вредноста се менува по 5 секунди со секој чекор.


4.5.4 Да поставите автоматски испрати по изборот

1 Во менито за поставување на безжичен далечински управувач, движете се до автоматски испрати по избирањето поставување со користење < и >.

Минимум: 0 секунди



Максимум: 3 секунди



2 Сменете ја поставката со користење ^ и v. Минимумот е 0 секунди, а максимумот е 3 секунди. Вредноста се менува по 1 секунда со секој чекор.

4.5.5 Да поставите на различен канал на приемникот на инфрацрвен сигнал на внатрешната единица

Во случај кога се инсталирани 2 внатрешни единици во 1 просторија, може да го смените каналот за приемникот на инфрацрвен сигнал на внатрешната единица да избегнете конфузија на сигналот на безжичниот далечински управувач.

Предуслов: Извршете ги следните чекори за само 1 од единиците.


1 Во менито за поставување на безжичен далечински управувач, движете се до поставување избор на канал со користење < и >.

2 Сменете ја поставката во **канал 2** со користење ^ и v.

Канал 1




Канал 2



3 Потврдете го вашиот избор со користење v.

Резултат: Daikin окото ќе почне да светка.

4 Притиснете го прекинувачот ON/OFF на внатрешната единица додека светка Daikin окото.



a ON/OFF прекинувач

ИНФОРМАЦИИ

Ако поставувањето НЕ може да се заврши додека трепка Daikin окото, повторете ја постапката за поставување од почеток.

5 Работење

ИНФОРМАЦИИ

Внатрешната единица е испорачана со безжичен далечински управувач како кориснички интерфејс. Ова упатство опишува само работење со овој кориснички интерфејс. Ако друг кориснички интерфејс е поврзан, погледнете го упатството за работење на поврзаниот кориснички интерфејс.

5.1 Опсег на работење

Користете го системот во следните опсези на температура и влажност за безбедно и ефикасно работење.

	Ладење и сушење[a][b]	**Греење**[a]
Надворешна температура за RXJ модели	–10~50°C DB	–20~24°C DB –21~18°C WB
Надворешна температура за 2MXM, 3MXM, 4MXM, 5MXM модели	–10~46°C DB	–15~24°C DB –15~18°C WB
Внатрешна температура	18~37°C DB 14~28°C WB	10~30°C DB
Внатрешна влажност	≤80%[a]	—

[a] Безбедносниот уред може да го запре работењето на системот ако единицата работи надвор од својот опсег на работење.

[b] Кондензација и капење на вода може да настанат ако единицата работи надвор од својот опсег на работење.

5.2 Кога да ја користите која функција

Може да ја користите следнава табела за да одредите кои функции да ги користите:

Основна карактеристика	
Автоматски  Ладење  Греење  Само вентилатор  Сушење 	"5.3 Режим на работење и поставена температура" [▸ 34] Да се вклучи/исклучи системот и да се постави температурата: ▪ Во **автоматски режим**, автоматски се избира соодветна температура и режим на работење. ▪ Во режим на **ладење**, ја лади просторијата. ▪ Во режим на **греење**, ја грее просторијата. ▪ Во режим **само вентилатор**, издувува воздух во просторијата без ладење или греење. ▪ Во режим **сушење**, ја намалува влажноста во просторијата.
Вертикален  Хоризонтален  3D (сите насоки)  Комфор 	"5.9 Насока на проток на воздух" [▸ 41] Да се прилагоди насоката на проток на воздух (нишање или фиксна положба). Операција Комфорен проток на воздух: Автоматски да се прилагоди насоката на проток на воздух за поефикасно да се излади или загрее просторијата.

Основна карактеристика	
Автоматски  Ноќен тивок  Поставување стапка на проток на воздух  	"5.8 Стапка на проток на воздух" [▶ 40] Да се прилагоди количеството на воздух издуван во просторијата. Да работи потивко.

Напредни карактеристики	
	"5.14 Операција Брз електронски прочистувач (прочистување на воздух)" [▶ 49] За да отстрани алергени кои се создаваат во воздухот како полен, дополнителни супстанции... Да ги намали лошите мириси.
	"5.12 Еконо работење" [▶ 47] Да се користи системот кога исто така користите други уреди кои трошат енергија. Да заштеди енергија.
	"5.11 Моќно работење" [▶ 46] Брзо да се излади или загрее просторијата.
	"5.13 Тивко работење на надворешна единица" [▶ 48] За намалување на нивото на бучава на надворешната единица. Пример: Ноќе.
	"5.10 Операција Интелигентно око" [▶ 45] Да спречи воздухот да дојде во директен контакт со луѓе. Да заштеди енергија кога нема никој во просторијата.
	"5.4 Паметно авто" [▶ 36] Автоматски да ја прилагоди поставената вредност за температура за да ви биде удобно.
	"5.6 Преференца за топол воздух" [▶ 38] Да уживате во покомфорно искуство при греење додека сè уште ја поставувате рачно стапката на проток на воздух.
	"4.4.6 Одржувај суво" [▶ 27] Да избегне зголемување на влажност во просторијата.

Напредни карактеристики	
LS	"5.7 Ограничување на температура" [▸ 39] Да се ограничи поставена вредност за температура. Да се намали потрошувачката на енергија и да се избегне непотребно прекумерно ладење или прекумерно греење.

Карактеристики на тајмер	
OFF ON	"5.15.2 Операција ИСКЛУЧУВАЊЕ/ВКЛУЧУВАЊЕ тајмер" [▸ 51] За автоматски да се ВКЛУЧИ или ИСКЛУЧИ системот.
WEEK	"5.15.3 Работење на неделен тајмер" [▸ 53] Автоматски да се ВКЛУЧИ или ИСКЛУЧИ системот на неделна основа.

Специјални карактеристики	
	"4.4.3 Безжично LAN поврзување" [▸ 22] Да работите со единицата со користење паметни уреди

5.3 Режим на работење и поставена температура

Кога. Прилагодете го режимот на работење на системот и поставете ја температурата кога сакате да:

- Ја згреете или изладите просторијата
- Издувате воздух во просторијата без греење или ладење
- Ја намалите влажноста во просторијата

Како. Системот работи различно, во зависност од изборот на корисникот.

Поставување	Опис
Автоматски	Системот лади или грее просторија до поставената температура. Автоматски префрла помеѓу ладење и греење ако е потребно.
Ладење	Системот ја лади просторијата до поставената температура.
Греење	Системот ја грее просторијата до поставената температура. **Зголемување на топлина** Оваа карактеристика е автоматска; брзо го загрева вашиот дом кога ја стартувате единицата во режим на греење.
Само вентилатор	Системот само го контролира протокот на воздух (стапката на проток на воздух и насоката на проток на воздух). Во текот на оваа операција НЕ МОЖЕТЕ да ја поставите температурата.
Сушење	Системот ја намалува влажноста во просторијата. Во текот на оваа операција НЕ МОЖЕТЕ да ја поставите температурата.

Дополнителни информации:

- **Надворешна температура.** Ефектот на ладење или греење на системот се намалува кога надворешната температура е превисока или прениска.
- **Операција одмрзнување.** При операција на греење, може да се насобере мраз на надворешната единица и да го намали капацитетот на греење. Во тој случај, системот автоматски се префрла на операција одмрзнување за да го отстрани мразот. Во текот на операцијата одмрзнување, топол воздух НЕ се издувува од внатрешната единица.
- **Сензор за влажност.** Ја контролира влажноста со намалување на влажноста во текот на процесот на ладење.

5.3.1 Да го започнете/запрете режимот на работење и да ја поставите температурата

Режим на работење

1 Притиснете да влезете во менито со тркало за режим на работење. Кога е притиснато неколку пати, режимот ќе се смени како што следи:



ИНФОРМАЦИИ

- Во менито со тркало, исто така може да се движите во двете насоки со користење и или и .
- Менито со тркало секогаш ќе започне со моментално активното поставување.

2 Притиснете да **започне** работењето.

3 Почетниот екран се менува како што следи и индикаторската ламбичка на Daikin окото се ВКЛУЧУВА.

Почетен екран кога единицата е ВКЛУЧЕНА во тек на…		
греење, ладење, автоматско работење	**операција сушење**	**операција само вентилатор**
		

Поставена вредност на температура

4 Притиснете или еднаш или повеќе пати да ја намалите или зголемите **поставената вредност на температурата**.

Операција ладење	Операција греење	Автоматско работење	Операција сушење или само вентилатор
18~32°C	10~30°C	18~30°C	Нема поставена вредност[(a)]

[(a)] Кога користите режим на работење **сушење** или **само вентилатор**, НЕ МОЖЕ да ја прилагодувате температурата.

5 Притиснете да **запре** работењето.

Резултат: Почетниот екран се менува како што следи и индикаторската ламбичка на Daikin окото се ИСКЛУЧУВА.

Почетен екран кога единицата е ИСКЛУЧЕНА



5.4 Паметно авто

Оваа функција автоматски ја прилагодува поставената вредност за температурата за да ви биде удобно, врз основа на вашите лични преференции.

Со текот на времето, единицата ги учи вашите преференции за различните ситуации и го користи тоа знаење автоматски да ги прилагоди поставките. Оваа функција намалува колку често рачно ја прилагодувате температурата преку учење на вашите навики.

Исто така помага да се намали непријатноста предизвикана од промените на временските услови, како што се поладни ноќи или промени во годишните времиња.

ИНФОРМАЦИИ

Функцијата паметно авто работи само кога единицата функционира во **автоматски режим.**

5.4.1 Да активирате/запрете функција Паметно авто

ИНФОРМАЦИИ

Може да ја исклучите оваа функција за да преземете целосна контрола врз поставувањето температура.

1 Притиснете ··· за да влезете во главното мени и одете до менито за поставување на внатрешната единица со користење < и >. Притиснете ⌄ за да влезете во менито.

Мени за поставување на внатрешна единица



2 Движете се до екранот за Паметно авто со користење < и >.

3 Сменете ја поставката со користење ^ и ⌄.

Паметно авто активно



Паметно авто оневозможено



4 Притиснете ⌄ за да го потврдите изборот.

5 Повторно притиснете ✓ за да се вратите на главното мени или притиснете ··· за да се вратите на почетниот екран.

5.5 Контакт за ВКЛУЧУВАЊЕ/ИСКЛУЧУВАЊЕ

Оваа функција бара купување и инсталација на опцијата KER303A.

Користете ја оваа функција за автоматски да ја запрете единицата со сигнал за надворешен сув контакт (на пр. сензор на прозорец или картичка за отворање врата).

Оваа функција помага да се намали непотребната потрошувачка на енергија кога се отворени прозорец или врата или нема никој во собата.

Единицата го запира работењето според статусот на надворешниот контакт.

ИНФОРМАЦИИ

Оваа функција користи сув контакт и електроинсталационен сноп кој мора да се инсталира од квалификуван инсталатер.

- Времето на одложување (**0** – фабричко поставување/ 1 / 2 / 3 / 5 минути) и режимот на рестартирање се конфигурирани од инсталатор според вашите преференции.
- Кога оваа функција е активна, таа може да ја спречува единицата да функционира дури и ако е дадена работна наредба од далечинскиот управувач или од апликацијата ONECTA.

Однесување кога е активно Контакт за ВКЛУЧУВАЊЕ/ИСКЛУЧУВАЊЕ

Кога е овозможена функцијата Контакт за ВКЛУЧУВАЊЕ/ИСКЛУЧУВАЊЕ, однесувањето на системот се менува според статусот на контактот.

Пример (затворен прозорец → отворен прозорец)

- Додека прозорецот е **затворен**, единицата може да работи нормално.
- Кога прозорецот е **отворен**, започнува тајмерот за одложување.
- Откако ќе помине времето на одложување, единицата запира со работење и преминува во подготвеност.
- Кога прозорецот е отворен:
  - Наредбата ON/OFF (ВКЛУЧЕНО/ИСКЛУЧЕНО) од далечинскиот управувач или апликацијата ONECTA е оневозможена.
  - Другите поставки како **поставена температура**, **режим**, или **брзина на вентилатор,** сè уште може да се сменат, но тие ќе се активираат само откако единицата ќе се рестартира.

Поставување режим на рестартирање

Режимот на рестартирање одредува како се однесува единицата откако прозорероцот повторно е затворен.

Рачно рестартирање

- Единицата не рестартира автоматски.
- Кога прозорецот е затворен, операцијата мора да се започне рачно со притискање на наредбата ON (ВКЛУЧЕНО) од далечинскиот управувач или од апликацијата ONECTA.

Автоматско рестартирање

- Единицата започнува автоматски во последниот работен режим откако е затворен прозорецот.

Информации

- Ако се слушнат три кратки звучни сигнали и LED светлата на операцијата трепкаат два пати, операцијата е блокирана со контактот ВКЛУЧЕНО/ИСКЛУЧЕНО.
- Штом прозорецот ќе се затвори, единицата или рестартира автоматски или останува запрена во зависност од избраниот режим на рестартирање.

НАПОМЕНА

Ако сакате да ги смените поставките (време на одложување или режим на рестартирање), контактирајте со инсталатерот.

5.6 Преференца за топол воздух

Користете ја оваа функција за да уживате во покомфорно искуство при греење додека сè уште ја поставувате стапката на проток на воздух рачно.

ИНФОРМАЦИИ

- Во режим на греење, стапката на проток на воздух времено ќе се намали за да се спречат ладни струења. Штом ќе се загрее воздухот, единицата ќе ја продолжи со работа на вашата поставена стапка на проток на воздух.
- Активирањето на оваа функција може малку да ги намали перформансите на греење во многу студени услови или да ја намали ефикасноста.

5.6.1 Да активирате/запрете Преференца за топол воздух

1 Притиснете го ··· за да влезете во главното мени и одете до менито за поставување на внатрешната единица со користење < и >. Притиснете ✓ за да влезете во менито.

Мени за поставување на внатрешна единица



2 Движете се до екранот за Преференција за топол воздух со користење < и >.

3 Сменете ја поставката со користење ^ и ˅.

Преференција за топол воздух активно



Преференција за топол воздух оневозможено



4 Притиснете ✓ за да го потврдите изборот.

5 Повторно притиснете ✓ за да се вратите на главното мени или притиснете ··· за да се вратите на почетниот екран.

5.7 Ограничување на температура

Оваа функција е дизајнирана да ја ограничи точката на поставување на температура која сте ја одбрале, помагајќи да се намали потрошувачката на енергија и да се избегне непотребното прекумерно ладење или прекумерно греење.

5.7.1 Да поставите ограничување на температура

1 Влезете во главното мени со притискање ··· и движете се до менито за поставување на безжичниот далечински управувач со користење < и >.

2 Притиснете ✓ за да влезете во менито.

Мени за поставување безжичен далечински управувач



3 Движете се до екранот со SW-информации со користење < и >.

4 Држете го притиснато ✓ најмалку 5 секунди.

Пробно работење



5 Движете се до **LS** со користење < и >.

Ограничување на температура



6 Притиснете ✓ за да влезете во поставувањето за Ограничување на температура

Резултат: Се појавува поставка за долна граница на ладење.

Долна граница на ладење



7 Користете ^ и ˇ за да ја изберете посакуваната граница на ладење.

8 Притиснете ✓ за да потврдите и одете до поставување на горна граница на греење.

9 Користете ^ и v за ја да изберете посакуваната горна граница на греење.

Горна граница на греење



10 Притиснете v за да потврдите и да излезете од режимот на поставување температурен опсег, додека насочувате кон внатрешната единица.

Резултат: Долната граница за ладење и горната граница за греење се потврдени. Екранот се враќа во главниот екран.

5.8 Стапка на проток на воздух

ИНФОРМАЦИИ

- Кога користите режим на работа сушење, НЕ МОЖЕ да го прилагодувате поставувањето на стапка на проток на воздух.
- Стапката на проток на воздух во режим на греење ќе се намали за да се избегне создавање проток на ладен воздух. Кога температурата на проток на воздух расте, операцијата ќе продолжи со поставената стапка на проток на воздух.
- Кога користите Комфорен проток на воздух, НЕ МОЖЕ да го прилагодите поставувањето за стапка на проток на воздух; симболот ⊘ на екранот укажува дека таа функција е моментално забранета.

Можете да ја прилагодите јачината на воздушниот проток кој излегува од внатрешната единица.

Поставување	Опис
Брзина на вентилатор 1~5 	5 нивоа на стапка на проток на воздух ниско до високо.
Автоматски 	Внатрешната единица автоматски ја прилагодува својата брзина на вентилатор според поставената вредност на температурата и внатрешната температура.
Тивко работење на внатрешната единица 	За намалување на бучавата која доаѓа од внатрешната единица (**Пример:** ноќе)

ИНФОРМАЦИИ

Ако единицата ја достигне поставената температура:

- во режим на ладење или автоматски режим. Вентилаторот ќе престане да работи.
- во режим на греење. Вентилаторот ќе работи со ниска стапка на проток на воздух.

5.8.1 Да ја прилагодите стапката на проток на воздух

1 Притиснете да влезете во менито со тркало за стапка на проток на воздух. Кога е притиснато неколку пати, режимот ќе се смени како што следи:



ИНФОРМАЦИИ

- Во менито со тркало, исто така може да се движите во двете насоки со користење < и > или ^ и v.
- Менито со тркало секогаш ќе започне со моментално активното поставување.

5.9 Насока на проток на воздух


Насоката на проток на воздух е насоката во која внатрешната единица го издувува својот воздух. Тоа го прави со движење на хоризонталните лопатки (подвижни капаци) или вертикалните лопатки (отвори за воздух). Прилагодете ја насоката на проток на воздух како што сакате и во положба на нишање или во фиксна положба.

Поставување	Насока на проток на воздух
Вертикално автоматско нишање 	Ги подига хоризонталните лопатки (подвижни капаци) нагоре и надолу.
Хоризонтално автоматско нишање 	Ги движи вертикалните лопатки (отвори за воздух) од страна до страна.
3-D насока на проток на воздух 	Се движи наизменично нагоре и надолу и од страна до страна
[—]	Останува во фиксна положба.

ВНИМАНИЕ

СЕКОГАШ користете безжичен далечински управувач (ако е применливо) да ја прилагодите положбата на подвижните капаци и отворите за воздух. Кога подвижните капаци и отворите за воздух се нишаат, а вие ги движите присилно со рака, механизмот ќе се скрши.


Подвижниот опсег на подвижниот капак се разликува според режимот на работење. Подвижниот капак ќе запре на горната положба кога стапката на проток на воздух се менува на ниска во текот на поставувањето на нишање нагоре и надолу.



a Опсег на подвижен капак при операција ладење или сушење
b Опсег на подвижен капак при операција греење или само вентилатор


Комфорен проток на воздух

Единицата автоматски ќе ја менува насоката на воздушниот проток да ја загрева или лади просторијата поефективно. Директниот проток на воздух од единицата ќе биде помалку забележлив.




a Положба на подвижен капак при операција ладење и сушење
b Положба на подвижен капак при операција греење (**вертикален проток на воздух ИСКЛУЧЕНО**)
c Положба на подвижен капак при операција греење (**вертикален проток на воздух ВКЛУЧЕНО**)

При ладење и сушење




Насоката на проток на воздух ќе се смени да го рашири воздухот покрај таванот.


Комфорен проток на воздух **активен**



Комфорен проток на воздух **оневозможен**





При греење



Насоката на проток на воздух ќе се смени да го рашири воздухот покрај подот.

Ако функцијата за вертикален проток на воздух е ВКЛУЧЕНА: Единицата ја открива собната и температурата на подот и автоматски избира 1 од 3 насоки на проток на воздух (греење на простор, надолу, вертикално).

Ако функцијата Вертикален проток на воздух е ИСКЛУЧЕНА: Единицата ќе работи само во надолна насока на проток на воздух.

Проток на воздух при загревање на простор	Надолен проток на воздух	Вертикален проток на воздух
		

ИНФОРМАЦИИ

Ако сакате да ја деактивирате функцијата за вертикален проток на воздух (пр. во случај ако има мебел или друг предмет под единицата), погледнете "Да ја ВКЛУЧИТЕ/ИСКЛУЧИТЕ функцијата вертикален проток на воздух" [▶ 26]. Ако функцијата на вертикален проток на воздух е деактивирана, протокот на воздух ќе биде поставен во надолна насока.

ИНФОРМАЦИИ

Операциите Моќен и Комфорен проток на воздух НЕ МОЖАТ да се користат во исто време. Се извршува последната избрана функција. Ако е избрано вертикално автоматско нишање, операцијата Комфорен проток на воздух ќе биде откажана.

Кога користите Комфорен проток на воздух, НЕ МОЖЕ да го прилагодите поставувањето за стапка на проток на воздух; симболот ⊘ на екранот укажува дека таа функција е моментално забранета.

1 Влезете во главното мени со притискање на ··· и движете се низ менито за поставување на насоката на проток на воздух со користење < и >. Притиснете ✓ за да влезете во менито.

Мени за поставување на насоката на проток на воздух



2 Во ова мени, извршете ги следните поставки за насока на проток на воздух. Потоа притиснете ✓ за да се вратите на главното мени или притиснете ··· за да излезете на почетниот екран.

Поставување листа


5.9.1 Да ја прилагодите насоката на вертикален проток на воздух 43
5.9.2 Да ја прилагодите насоката на хоризонтален проток на воздух 44
5.9.3 Да користите 3D насока на проток на воздух 44
5.9.4 Да ја почнете/запрете операцијата Комфорен проток на воздух 45

5.9.1 Да ја прилагодите насоката на вертикален проток на воздух

1 Во менито за поставување на насока на проток на воздух движете се до екранот за вертикален проток на воздух со користење < и >.

2 Сменете ја поставката со користење ^ и ˅.

Вертикален проток на воздух - нишање



Вертикален проток на воздух - фиксен



3 **За вертикално нишање.** Притиснете ✓ да го потврдите изборот.

Резултат: се појавува на дното на почетниот екран. Подвижните капаци (хоризонтални лопатки) ќе почнат да се нишаат.

4 **За фиксна положба.** Притиснете ✓ кога подвижните капаци ќе ја достигнат посакуваната положба.

Резултат: исчезнува од дното на почетниот екран. Подвижните капаци ќе престанат да се движат.

5.9.2 Да ја прилагодите насоката на хоризонтален проток на воздух

1 Во менито за поставување насока на проток на воздух, движете се до поставувањето на хоризонтален проток на воздух со користење ‹ и ›.

2 Сменете ја поставката со користење ^ и ✓.

Хоризонтален проток на воздух - нишање



Хоризонтален проток на воздух - фиксен



3 **За хоризонтално нишање.** Притиснете ✓ да го потврдите изборот.

Резултат: се појавува на дното на почетниот екран. Отворите за воздух (вертикални лопатки) ќе почнат да се нишаат.

4 **За фиксна положба.** Притиснете ✓ кога отворите за воздух ќе ја достигнат посакуваната положба.

Резултат: исчезнува од дното на почетниот екран. Отворите за воздух ќе престанат да се движат.

ИНФОРМАЦИИ


Кога единицата е инсталирана во аголот на просторијата, насоката на отворите за воздух треба да е свртена настрана од ѕидот. Ефикасноста ќе опадне ако ѕид го блокира воздухот.

5.9.3 Да користите 3D насока на проток на воздух


1 Поставете го вертикалниот и хоризонталниот проток на воздух на ON.

2 3D се појавува на дното на почетниот екран. Подвижните капаци (хоризонтални лопатки) и отворите за воздух (вертикални лопатки) ќе почнат да се нишаат.

Вертикален проток на воздух ВКЛУЧЕН



Хоризонтален проток на воздух ВКЛУЧЕН



3 Да користите фиксна положба, поставете го вертикалниот и хоризонталниот проток на воздух на OFF кога подвижните капаци и отворите за воздух ќе ја достигнат посакуваната положба.

Резултат: 3D исчезнува од дното на почетниот екран. Подвижните капаци и отворите за воздух ќе престанат да се движат.

5.9.4 Да ја почнете/запрете операцијата Комфорен проток на воздух

1 Во менито за поставување на насоката на проток на воздух, одете до екранот за комфорен проток на воздух со користење < и >.

2 Сменете ја поставката со користење ^ и v.

Комфорен проток на воздух активен



Комфорен проток на воздух оневозможен



3 Притиснете v да го потврдите изборот.

Резултат: Комфорен проток на воздух активен: се појавува на дното на почетниот екран.

Резултат: Комфорен проток на воздух **оневозможен:** исчезнува од дното на почетниот екран.

5.10 Операција Интелигентно око

Системот открива движење во просторијата и автоматски ја прилагодува насоката на проток на воздух и температурата со цел да се избегне директен контакт со луѓе. Ако не се открие движење за 20 минути, системот се префрла во работење со заштеда на енергија:

Работење	Операција Штедење енергија
Греење	Температурата е намалена за 2°C.
Ладење и сушење	Ако температурата во просторијата е: ▪ <30°C, температурата се подига за 2°C ▪ ≥30°C, температурата се подига за 1°C
Само вентилатор	Намалува стапка на проток на воздух.

За сензорот Интелигентно око

НАПОМЕНА

- НЕ удирајте го и не притискајте го сензорот Интелигентно око. Тоа може да предизвика дефект.
- НЕ ставајте големи предмети во близина на сензорот Интелигентно око.

ИНФОРМАЦИИ

Режим ноќно поставување (ИСКЛУЧЕН тајмер) НЕ МОЖАТ да се користат во исто време со работењето на Интелигентно око.


- **Опсег на откривање.** До 9 m.
- **Чувствителност на откривање.** Се менува според локација, бројот на лица во просторијата, температурниот опсег и др.
- **Грешки при откривање.** Сензорот може по грешка да открие миленици, сончева светлина, движење на завеси и сл.

5.10.1 Да почнете/запрете операција Интелигентно око


1 Притиснете ··· да влезете во главното мени и движете се до екранот за интелигентно око со користење < и >.

2 Сменете ја поставката со користење ^ и v.

Интелигентно око активно



Интелигентно око оневозможено



3 Притиснете v да го потврдите изборот.

Резултат: Интелигентно око **активно**: се појавува на дното на почетниот екран.

Резултат: Интелигентно око **оневозможено:** исчезнува од дното на почетниот екран.

5.11 Моќно работење

Оваа операција брзо го максимизира ефектот на ладење/греење во кој било режим на работење. Сега може да го добиете максималниот капацитет.

Режим	Стапка на проток на воздух
Ладење/Греење	▪ Да се максимизира ефектот на ладење/греење, капацитетот на надворешната единица се зголемува. ▪ Стапката на проток на воздух е фиксирана на максималната поставка. ▪ Поставките за температура и проток на воздух НЕ МОЖАТ да се сменат.
Сушење	▪ Поставката за температура е намалена за 2,5°C. ▪ Стапката на проток на воздух е малку зголемена.
Само вентилатор	Стапката на проток на воздух е фиксна за максималната поставка.

ИНФОРМАЦИИ

Моќно работење НЕ МОЖЕ да се користи со Еконо, Комфорен проток на воздух и Тивко работење на надворешна единица. Се извршува последната избрана функција.

Моќно работење НЕМА да го зголеми капацитетот на единицата ако таа веќе работи со максимален капацитет.

5.11.1 Да почнете/запрете Моќно работење

1 Притиснете да влезете во појавувачкото мени за моќно работење.

2 Притиснете или и да ја активирате или оневозможите функцијата.

Резултат: Моќно работење **активно**: се појавува на дното на почетниот екран.

Резултат: Моќно работење **оневозможено:** исчезнува од дното на почетниот екран.

Моќно работење активно



Моќно работење оневозможено



ИНФОРМАЦИИ


- Моќно работење може да се постави само кога единицата работи; симболот на екранот укажува дека функцијата е времено забранета.
- Ако притиснете или ако го смените режимот на работење, работењето ќе биде откажано; исчезнува од дното на почетниот екран.

5.12 Еконо работење

Ова е функција што овозможува ефикасно работење со ограничување на вредноста на максималната потрошувачка на енергија. Оваа функција е корисна за случаи во кои треба да се обрне внимание за да се осигури дека осигурувачот нема да се исклучи кога производот работи заедно со други уреди.

ИНФОРМАЦИИ

- Моќното и Еконо работење НЕ МОЖАТ да се користат во исто време. Се извршува последната избрана функција.
- Еконо работење ја намалува потрошувачката на енергија на надворешната единица со ограничување на брзината на вртење на компресорот. Ако потрошувачката на енергија е веќе ниска, Еконо работењето НЕМА дополнително да ја намали потрошувачката на енергија.



A Проточна струја и потрошувачка на струја
B Време
a Максимум при нормално работење
b Максимум при Еконо работење
c Нормално работење
d Еконо работење


- Дијаграмот е само за илустративни цели.
- Максималната проточна струја и потрошувачка на струја на клима уредот во Еконо работење се разликува во зависност од поврзаната надворешна единица.

5.12.1 Да почнете/запрете Еконо работење


1 Притиснете ··· да влезете во главното мени и одете до екранот Еконо со користење < и >.

2 Сменете ја поставката со користење ^ и v.

Еконо работење активно



Еконо работење оневозможено



3 Притиснете v да го потврдите изборот.

Резултат: Еконо работење **активно**: се појавува на дното на почетниот екран.

Резултат: Еконо работење **оневозможено**: исчезнува од дното на почетниот екран.

ИНФОРМАЦИИ

- Еконо работење може да се постави само кога единицата работи; симболот ⊘ на екранот укажува дека функцијата е времено забранета.
- Ако притиснете ⏻, сменете го режимот на работење во само вентилатор или поставете Моќно работење, Еконо работење ќе биде откажано; исчезнува од дното на почетниот екран.

5.13 Тивко работење на надворешна единица

Користете Тивко работење на надворешна единица кога сакате да го намалите нивото на бучава на надворешната единица. **Пример:** Ноќе.

ИНФОРМАЦИИ

- Моќно работење и Тивко работење на надворешна единица НЕ МОЖАТ да се користат во исто време. Се извршува последната избрана функција.
- Оваа функција е достапна само при операциите Автоматски, Ладење и Греење.
- Тивко работење на надворешната единица ја ограничува брзината на вртење на компресорот. Ако брзината на вртење на компресорот е веќе ниска, операцијата Тивко работење на надворешната единица нема дополнително да ја намали брзината на вртење на компресорот.

5.13.1 За да почне/запре Тивко работење на надворешна единица

1 Притиснете да влезете во појавувачкото мени за тивко работење на надворешната единица.

Тивко работење на надворешна единица активно



Тивко работење на надворешна единица оневозможено



2 Притиснете или и да ја активирате или оневозможите функцијата.

Резултат: Тивко работење на надворешна единица **активно**: се појавува на дното на почетниот екран.

Резултат: Тивко работење на надворешна единица **оневозможено**: исчезнува од дното на почетниот екран.

Белешка: останува на почетниот екран, дури и ако ја исклучите единицата со користење на безжичниот далечински управувач или со прекинувачот ON/OFF на внатрешната единица.

5.14 Операција Брз електронски прочистувач (прочистување на воздух)

Streamer генерира проток на електрони со голема брзина со висока оксидирачка моќност, намалувајќи ги лошите мириси. Заедно со деодорирачкиот филтер од титаниум апатит и филтрите за воздух, оваа функција го прочистува воздухот во собата.

ИНФОРМАЦИИ

- Се генерираат електрони со голема брзина и излегуваат во внатрешноста на единицата да осигураат безбедно работење.
- Испуштањето на Streamer може да генерира звук на шиштење.
- Ако протокот на воздух стане слаб, испуштањето Streamer може привремено да запре за да се спречи миризбата на озон.

5.14.1 Да почне/запре операција Брз електронски прочистувач (прочистување на воздух)

1 Притиснете да влезете во главното мени. Екранот на Брз електронски прочистувач е во првата положба на главното мени.

2 Сменете ја поставката со користење и .

Операција Брз електронски прочистувач активна



Операција Брз електронски прочистувач оневозможена



3 Притиснете да го потврдите изборот.

Резултат: Еконо работење **активно**: се појавува на дното на почетниот екран.

Резултат: Операција Брз електронски прочистувач **оневозможена**: исчезнува од дното на почетниот екран.

5.15 Поставување часовник и тајмер

1 Влезете во главното мени со притискање и движете се до менито за поставување часовник и тајмер со користење и . Притиснете да влезете во менито.

Мени за поставување часовник и тајмер



2 Во ова мени, извршете ги следните поставки на часовник и тајмер. Потоа притиснете ⌄ да се вратите на главното мени или притиснете ··· да излезете на почетниот екран.

Поставување листа

5.15.1 Поставување на часовникот 50
5.15.2 Операција ИСКЛУЧУВАЊЕ/ВКЛУЧУВАЊЕ тајмер 51
5.15.3 Работење на неделен тајмер 53

5.15.1 Поставување на часовникот


Ако внатрешниот часовник на внатрешната единица НЕ е поставен на точното време, опциите за ВКЛУЧЕН тајмер, ИСКЛУЧЕН тајмер и неделен тајмер НЕМА да работат правилно. Часовникот мора повторно да се постави:

- Откако осигурувач ќе ја ИСКЛУЧИ единицата.
- По немање електрична енергија.
- По менување на батерии во безжичниот далечински управувач.

Да го поставите часовникот

1 Во менито за поставување на часовникот и тајмерот, движете се до екранот за поставување на часовникот со користење ‹ и ›. Внесете ја поставката со користење ⌄.


Поставување часовник (ја прикажува тековната поставка на часовник)



Белешка: Ако времето сè уште не е поставено, прво ќе влезете во поставување на часовникот. Не може да се направи друга поставка на тајмер додека не се постави часовникот.

2 Сменете го денот од неделата со користење ^ и ⌄.

Поставување ден од неделата




Екран	Ден од неделата
MON	Понеделник
TUE	Вторник
WED	Среда
THU	Четврток
FRI	Петок
SAT	Сабота

Екран	Ден од неделата
SUN	Недела

3 Одете во поставување часови со користење ›.


Поставување часови



4 Сменете го часот со користење ^ и ˇ (24-часовен формат).

5 Одете во поставување минути со користење ›.

Поставување минути



6 Сменете ги минутите со користење ^ и ˇ.

5.15.2 Операција ИСКЛУЧУВАЊЕ/ВКЛУЧУВАЊЕ тајмер

Функцијата тајмер е корисна за автоматско префрлање на клима уредот на исклучено/вклучено ноќе или наутро. Исто така може да користите ИСКЛУЧЕН тајмер и ВКЛУЧЕН тајмер во комбинација.

ИНФОРМАЦИИ

Повторно програмирајте го тајмерот во случај ако:

- Осигурувач ја исклучил единицата.
- Нема електрична енергија.
- По менување на батерии во безжичниот далечински управувач, далечинскиот управувач ја зачувува поставката за време за ВКЛУЧЕН/ИСКЛУЧЕН тајмер, но тајмерот е откажан.

ИНФОРМАЦИИ

Часовникот МОРА да е правилно поставен пред користење на кои било функции на тајмер. Погледнете "Да го поставите часовникот" [▸ 50].

Да почнете/запрете операција ИСКЛУЧУВАЊЕ тајмер

1 Во менито за поставување на часовник и тајмер, движете се до екранот за ИСКЛУЧЕН тајмер со користење ‹ и ›.

ИСКЛУЧЕН тајмер оневозможено



ИСКЛУЧЕН тајмер поставен во 07:00



2 Притиснете ˇ да влезете во менито за поставување ИСКЛУЧЕН тајмер.

Резултат: Кога поставувате ИСКЛУЧЕН тајмер за прв пат, се прикажува тековното време заокружено на интервал од 10 минути.


Резултат: Кога ИСКЛУЧЕН тајмер е веќе поставен, се прикажува последното поставување.

3 Сменете CANCEL во TIME со користење ^.


4 Одете во поставување часови со користење > и сменете го поставувањето часови со користење ^ и v во 24-часовен формат.

5 Одете во поставување минути со користење > и сменете го поставувањето минути со користење ^ и v во 10-минутни интервали.

Сменете CANCEL во TIME



Постави часови



Постави минути



6 Притиснете v да го потврдите изборот.

Резултат: OFF се појавува на дното на почетниот екран. Поставеното време се прикажува на екранот за ИСКЛУЧЕН тајмер во главното мени. Daikin окото свети портокалово. Единицата ќе се ИСКЛУЧИ по поставеното време.

7 **Да го откажете** поставувањето тајмер, одете во менити за поставување ИСКЛУЧЕН тајмер и сменете TIME во CANCEL.

Резултат: OFF исчезнува од дното на почетниот екран. Не се прикажува време на екранот за ИСКЛУЧЕН тајмер во главното мени. Daikin окото престанува да свети портокалово.

ИНФОРМАЦИИ

Кога ќе го поставите тајмерот на ВКЛУЧЕНО/ИСКЛУЧЕНО, поставувањето на времето се зачувува во меморијата. Кога батериите во безжичниот далечински управувач се сменети, далечинскиот управувач ја зачувува поставката за време за ВКЛУЧЕН/ИСКЛУЧЕН тајмер, но тајмерот е откажан.

Режим ноќно поставување

Кога е поставено ИСКЛУЧЕН тајмер, клима уредот автоматски го прилагодува поставувањето температура (0,5°C повисоко при ладење, 2,0°C пониско при греење) за да се спречи прекумерно ладење/греење и да се обезбеди удобна температура за спиење.


Да почнете/запрете операција ВКЛУЧУВАЊЕ тајмер

1 Во менито за поставување на часовник и тајмер, движете се до екранот за ВКЛУЧЕН тајмер со користење < и >.

ВКЛУЧЕН тајмер оневозможен



ВКЛУЧЕН тајмер поставен во 14:00



2 Притиснете v да влезете во менито за поставување ВКЛУЧЕН тајмер.



Резултат: Кога поставувате ВКЛУЧЕН тајмер за прв пат, се прикажува тековното време заокружено на интервал од 10 минути.

Резултат: Кога ВКЛУЧЕН тајмер е веќе поставено, се прикажува последното поставување.

3 Сменете CANCEL во TIME со користење ^.

4 Одете во поставување часови со користење > и сменете го поставувањето часови со користење ^ и v во 24-часовен формат.

5 Одете во поставување минути со користење › и сменете го поставувањето минути со користење ^ и ˇ во 10-минутни интервали.

Сменете CANCEL во TIME	Постави часови	Постави минути
		

6 Притиснете ˇ да го потврдите изборот.

Резултат: ON се појавува на дното на почетниот екран. Поставеното време се прикажува на екранот за ВКЛУЧЕН тајмер во главното мени. Daikin окото свети портокалово. Единицата ќе се ВКЛУЧИ по поставеното време.


7 Да го откажете поставувањето тајмер, одете во менити за поставување ВКЛУЧЕН тајмер и сменете TIME во CANCEL.

Резултат: ON исчезнува од дното на почетниот екран. Не се прикажува време на екранот за ВКЛУЧЕН тајмер во главното мени. Daikin окото престанува да свети портокалово.

Да комбинирате ИСКЛУЧЕН тајмер и ВКЛУЧЕН тајмер

1 Да ги поставите тајмерите, погледнете "Да почнете/запрете операција ИСКЛУЧУВАЊЕ тајмер" [› 51] и "Да почнете/запрете операција ВКЛУЧУВАЊЕ тајмер" [› 52].

Резултат: OFF и ON се прикажани на дното на почетниот екран.

Пример:			
Екран	**Тековно време**	**Постави додека...**	**Работење**
 	06:00	единицата работи.	Запира во 7:00 и почнува во 14:00.
		единицата НЕ работи.	Почнува во 14:00.


5.15.3 Работење на неделен тајмер


Со оваа операција, може да зачувате до 4 поставки за тајмер за секој ден од неделата.

Пример: Создадете различно поставување од понеделник до петок и различно поставување за викенди.

ИНФОРМАЦИИ

Следнава постапка на поставување е само за безжичен далечински управувач. Сепак, препорачуваме да извршите поставување на неделен тајмер со користење на апликацијата ONECTA app. Погледнете "4.4.3 Безжично LAN поврзување" [› 22] за повеќе информации.

Ден од неделата	Пример за поставување
Понеделник~петок ▪ Направете до 4 поставувања за секој ден.	

Ден од неделата	Пример за поставување
Сабота ▪ Нема поставено тајмер	—
Недела ▪ Направете до 4 поставувања.	

- **Поставување ВКЛУЧЕНО-ВКЛУЧЕНО-ВКЛУЧЕНО-ВКЛУЧЕНО.** Овозможува закажување и поставување температура.
- **Поставување ИСКЛУЧЕНО-ИСКЛУЧЕНО-ИСКЛУЧЕНО-ИСКЛУЧЕНО.** Може да се постави само времето на исклучување за секој ден.

Белешка: Уверете се дека сте го насочиле безжичниот далечински управувач кон внатрешната единица и проверете за тон на примање кога го поставувате работењето на неделниот тајмер.

ИНФОРМАЦИИ

Часовникот МОРА да е правилно поставен пред користење на кои било функции на тајмер. Погледнете "Да го поставите часовникот" [▸ 50].

ИНФОРМАЦИИ

- Неделниот тајмер и операцијата ИСКЛУЧУВАЊЕ/ВКЛУЧУВАЊЕ тајмер НЕ МОЖАТ да се користат во исто време. Операцијата ИСКЛУЧУВАЊЕ/ВКЛУЧУВАЊЕ тајмер има приоритет. Неделниот тајмер ќе биде во подготвеност, WEEK исчезнува од почетниот екран. Кога ИСКЛУЧУВАЊЕ/ВКЛУЧУВАЊЕ тајмер е завршено, Неделниот тајмер станува активен.
- Денот од неделата, режимот на ИСКЛУЧЕН/ВКЛУЧЕН тајмер, време и температура (само за ВКЛУЧЕН тајмер) може да бидат поставени со неделниот тајмер. Другите поставки се базираат на претходното поставување ВКЛУЧЕН тајмер.

Да поставите работење на Неделен тајмер

1 Во менито за поставување на часовник и тајмер, движете се до менито за поставување неделен тајмер со користење < и >.

2 Сменете OFF во ON со користење ^ и v, потоа притиснете v да го потврдите изборот.

Резултат: Daikin окото свети портокалово. Ќе се прикажат поставките за првиот ден од неделата (4 внеса за секој ден).

Неделен тајмер оневозможен



Неделен тајмер активен



3 Движете се помеѓу денови со користење < и >. Движете се помеѓу 4 внесови со користење ^ и v.


Пример:



Празно поле – нема поставување за понеделник



Единицата **почнува**: во вторник во 16:50 со поставена вредност на температура 25°C




Единицата **запира**: во среда во 8:00

4 Притиснете ⌄ да влезете во поставувањето.


5 Сменете ја поставката во ON, OFF или DEL.

ВКЛУЧЕН тајмер



Единицата започнува во поставеното време и на поставена вредност на температура.

ИСКЛУЧЕН тајмер



Единицата запира во поставеното време.

Избриши



Го брише овој внес

ВКЛУЧЕН/ИСКЛУЧЕН тајмер

6 Одете во поставување часови со користење › и сменете го поставувањето часови со користење ^ и ⌄ во 24-часовен формат.

7 Одете во поставување минути со користење › и сменете го поставувањето минути со користење ^ и ⌄ во 10-минутни интервали.

8 **За ИСКЛУЧЕН тајмер.** Потврдете ја поставката со користење ⌄.

Резултат: Се прикажуваат денот од неделата со 4 дневни внесови. Нов внес е присутен во листата на внесови. Единицата се ВКЛУЧУВА или ИСКЛУЧУВА во поставеното време. Листата на внесови е подредена по време.

9 **За ВКЛУЧЕН тајмер,** исто така може да поставите поставена вредност на температура. Одете во поставување температура со користење › и сменете ја поставената вредност на температурата со користење ^ и ⌄. Потврдете ја поставката со користење ⌄.

Резултат: Се прикажуваат денот од неделата со 4 дневни внесови. Нов внес е присутен во листата на внесови. Единицата започнува да работи со поставената вредност на температура. Листата на внесови е подредена по време.

ИНФОРМАЦИИ

Температура може да се постави помеѓу 10~32°C на безжичниот далечински управувач, сепак:

- при режим на ладење и автоматско работење, единицата ќе работи на минимум 18°C дури и ако е поставена на 10~17°C;
- при режим на греење и автоматско работење, единицата ќе работи на максимум 30°C дури и ако е поставена на 31~32°C.


Избришете внес

1 За да избришете индивидуални внесови, сменете го поставувањето во DEL и потврдете со користење ✓.

Резултат: Се прикажуваат денот од неделата со 4 дневни внесови. Внесот е избришан. Листата за внесување ден е подредена по време.

5.16 За Мулти систем

Кај Мулти систем, 1 надворешна единица се поврзува со повеќе внатрешни единици. **Пример:**



5.16.1 Поставување приоритетна просторија

Поставување приоритетна просторија бара почетно програмирање во текот на инсталацијата. Консултирајте го вашиот овластен продавач за помош.

Кога Поставување приоритетна просторија е неактивно или не е присутно

Кога повеќе од 1 внатрешна единица работи, приоритет и се дава на првата единица која била вклучена. Поставете ги другите единици во истиот режим на работење. Во спротивно, тие ќе влезат во режим на подготвеност, а Daikin окото ќе свети (НЕ укажува на дефект).

Исклучоци: Ако првата единица која била вклучена е поставена на **само вентилатор**, а потоа во другата просторија е поставен режим на **греење**, приоритет и се дава на единицата поставена во режим на греење. Првата единица ќе оди во подготвеност, а Daikin окото ќе светка.

ИНФОРМАЦИИ

- Режимите на работење ладење, сушење и само вентилатор може да се користат во исто време.
- Автоматскиот режим на работење автоматски избира ладење или греење во зависност од собната температура и поставувањето на температурата. Ако е избран Автоматски режим на работење за сите единици, сите единици ќе работат во режимот на првата вклучена единица.

Приоритет кога се користи тивко работење на надворешна единица

Погледнете "5.13 Тивко работење на надворешна единица" [▸ 48].

1 Поставете Тивко работење на надворешна единица во сите простории со користење на безжични далечински управувачи на единиците.

2 За да откажете Тивко работење на надворешна единица, може да го запрете работењето во 1 просторија со користење на безжичен далечински управувач.

Резултат: Работењето ќе запре во сите простории. ќе остане на екранот на другите безжични далечински управувачи.

3 Да го отстраните симболот од другите безжични далечински управувачи, запрете ја операцијата Тивко работење на надворешна единица во сите простории одделно.

Резултат: Симболот ќе исчезне.

Кога е активно поставување приоритетна просторија

Може да изберете различен режим на работење за секоја просторија.

Пример: Просторија A има приоритет, избран е режим на работење ладење.

Режим на работење во просторија B, C, D	Статус на просторија B, C и D
Ладење, сушење или само вентилатор	Одржување тековен режим на работење
Греење	Режим на подготвеност. Операцијата ќе продолжи кога просторијата A ќе запре со работење.
Автоматски	Ако операција ладење продолжува. Ако единиците за греење влезат во режим на подготвеност. Операцијата ќе продолжи кога просторијата A ќе запре со работење.

Приоритет кога користите Моќно работење

Пример: Просторија A има приоритет. Просториите B, C и D работат.

1 Поставете Моќно работење во просторија A.

Резултат: Капацитетот во просторијата A е зголемен. Ефикасноста на ладење или греење во просториите B, C и D може да бидат малку намалени.

Приоритет кога се користи тивко работење на надворешна единица

Пример: Просторија A има приоритет.

1 Поставете Тивко работење на надворешна единица на една единица.

Резултат: Сите единици влегуваат во режим на Тивко работење на надворешна единица одеднаш.

5.16.2 Ноќен тивок режим

Ноќниот тивок режим бара почетно програмирање во текот на инсталацијата. Контактирајте со продавачот за помош. Овој режим ја намалува бучавата при работа на надворешната единица во текот на ноќта со намалување на ефикасноста на ладење.

Ноќниот тивок режим се активира автоматски кога температурата се спушта ≥5°C под највисоката температура забележана тој ден.

5.16.3 Заклучување на режим ладење/греење во Мулти систем

Заклучувањето на режимот ладење/греење може да се постави преку мулти надворежната единица. Консултирајте го вашиот овластен продавач за помош. Заклучувањето на режимот ладење/греење ја поставува единицата

присилно да влезе во операција ладење или греење. Активирајте ја оваа функција ако сакате да ги поставите сите внатрешни единици поврзани во Мулти систем во 1 режим на работење.

ИНФОРМАЦИИ

Заклучувањето на режимот ладење/греење НЕ МОЖЕ да се активира заедно со поставувањето приоритетна просторија.

6 Штедење енергија и оптимално работење

ИНФОРМАЦИИ

- Дури и ако единицата е ИСКЛУЧЕНА, таа троши електрична енергија.
- Кога ќе се врати напојувањето по прекин на напојување, ќе се обнови претходно избраниот режим.

ВНИМАНИЕ

НИКОГАШ не изложувајте мали деца, растенија или животни директно на протокот на воздух.

НАПОМЕНА

НЕ ставајте предмети кои НЕ треба са се навлажнат под единицата. Кондензацијата на единицата или на цевките со разладно средство или блокада на одводот може да предизвика капење. **Можна последица:** Предметите под единицата може да се извалкаат или оштетат.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

НЕ ставајте шише со запалив спреј во близина на клима уредот и НЕ користете распрскувачи во близина на единицата. Тоа може да предизвика пожар.

ВНИМАНИЕ

НЕ активирајте го системот кога користите инсектицид за простории од тип за фумигација. Може да се соберат хемикалии во единицата и да го загрозат здравјето на луѓето кои се пречувствителни на хемикалии.

Следете ги следните предупредувања да осигурате правилно работење на системот.

- Спречете директна сончева светлина да навлезе во просторијата во текот на операција ладење со користење завеси или ролетни.
- Уверете се дека подрачјето е добро проветрено. НЕ блокирајте никакви отвори за вентилација.
- Проветрувајте често. Продолжената употреба бара посебно внимание за проветрување.
- Вратите и прозорците нека бидат затворени. Ако вратите и прозорците останат отворени, воздухот ќе излегува од просторијата предизвикувајќи намалување на ефектот на ладење или греење.
- Внимавајте да НЕ ладите или греете премногу. Да заштедите енергија, одржувајте го поставувањето температура на умерено ниво.
- НИКОГАШ не поставувајте предмети во близина на влезот за воздух или излезот за воздух на единицата. Тоа може да предизвика намален ефект на греење/ладење или да го запре работењето.
- Исклучете го осигурувачот кога единицата НЕ се користи подолги временски периоди. Ако осигурувачот е вклучен, единицата троши електрична енергија. Пред повторно да ја стартувате единицата, вклучете го осигурувачот 6 часа пред работењето за да осигурате непречено работење.
- Може да се формира кондензација ако влажноста е над 80% или ако одводот се блокира.
- Прилагодете ја собната температура соодветно за удобно опкружување. Избегнувајте прекумерно греење или ладење. Имајте во предвид дека може да е потребно некое време за собната температура да ја достигне

поставената температура. Размислете за користење на опциите за поставување тајмер.

- Прилагодете ја насоката на проток на воздух да избегнете собирање на ладен воздух на подот или топол воздух на таванот. (Нагоре во текот на операција на ладење или сушење кон таванот и надолу во тек на операција на греење.)
- Избегнувајте директен проток на воздух кон лицата во просторијата.
- Работете со системот со препорачаниот температурен опсег (26~28°C за ладење и 20~24°C за греење) да заштедите енергија.

7 Одржување и сервис

Во ова поглавје

7.1 Преглед: Одржување и сервис 61
7.2 Да ја исчистите внатрешната единица и безжичниот далечински управувач 62
7.3 Да го исчистите предниот панел 63
7.4 Да го отворите предниот панел 63
7.5 За филтрите за воздух 64
7.6 Да ги исчистите филтрите за воздух 64
7.7 Да ги исчистите деодорирачкиот филтер од титаниум апатит и филтерот со сребрени честички (Ag-ion филтер) 65
7.8 Да ги замените деодорирачкиот филтер од титаниум апатит и филтерот со сребрени честички (Ag-ion филтер) 66
7.9 Да го затворите предниот панел 66
7.10 Да го извадите предниот панел 67
7.11 Имајте ги во предвид следните ставки пред долг период на неактивност 68

7.1 Преглед: Одржување и сервис

Инсталатерот мора да изврши годишно одржување.

За разладното средство

Овој производ содржи флуоринирани стакленички гасови. НЕ испуштајте ги гасовите во атмосферата.

Тип на разладно средство: R32

Вредност на потенцијал за глобално затоплување (GWP): 675

НАПОМЕНА

Применлива легислатива за **флуоринирани стакленички гасови** бара полнењето со разладно средство на единицата да се прикаже и во тежински еквивалент и во еквивалент на CO_2.

Формула за пресметка на количеството еквивалентно на CO_2во тони: GWP вредност на разладното средство × вкупното полнење на разладно средство [во kg]/1000

Контактирајте со инсталатерот за повеќе информации.

НАПОМЕНА

Одржувањето МОРА да се изврши од овластен инсталатер или сервисер.

Препорачуваме да вршите одржување најмалку еднаш годишно. Сепак, применливата легислатива може да бара пократки интервали на одржување.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

- Разладното средство во единицата е слабо запаливо, но нормално НЕ истекува. Ако разладното средство истекува во просторијата и доаѓа во контакт со оган од горилник, греалка или шпорет, тоа може да предизвика пожар или формирање штетен гас.
- ИСКЛУЧЕТЕ ги сите запаливи уреди за греење, проветрете ја просторијата и контактирајте со продавачот каде сте ја купиле единицата.
- НЕ користете ја единицата додека сервисер не потврди дека делот од кој истекувало разладно средство е поправен.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

- НЕ дупчете ги и не согорувајте ги деловите што се користат во циклусот на разладното средство.
- НЕ користете материјали за чистење или начини да го забрзате процесот на одмрзнување поинакви од оние што се препорачани од производителот.
- Имајте во предвид дека разладното средство во системот нема мирис.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Уредот треба да се складира така за да се спречи механичко оштетување и во добро проветрена просторија без постојано функционални извори на палење (пр. отворен оган, апарат кој работи на гас или електрична греалка која работи). Големината на просторијата треба да е како што е наведено во Општите безбедносни предупредувања.

ОПАСНОСТ: РИЗИК ОД СТРУЕН УДАР

За да го исчистите клима уредот или филтерот за воздух, уверете се дека сте го запреле работењето и сте ги ИСКЛУЧИЛЕ сите електрични напојувања. Во спротивно, може да настане струен удар и повреда.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

За да спречите струен удар или пожар:

- НЕ плакнете ја единицата.
- НЕ работете со единицата со влажни раце.
- НЕ ставајте никакви предмети кои содржат вода на единицата.

ВНИМАНИЕ

По долго користење, проверете го држачот за единица и опремата за оштетување. Ако има оштетување, единицата може да падне и да предизвика повреда.

ВНИМАНИЕ

НЕ допирајте ги ребрата на разменувачот на топлина. Овие ребра се остри и може да предизвикаат исечености.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Внимавајте со скалите кога работите на високи места.

7.2 Да ја исчистите внатрешната единица и безжичниот далечински управувач

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Несоодветни детергенти или постапка на чистење може да предизвикаат оштетување на пластичните компоненти или протекување вода. Испрсканиот детергент на електричните компоненти, како мотори, може да предизвика неправилно работење, чад или запалување.

ОПАСНОСТ: РИЗИК ОД СТРУЕН УДАР


Пред чистење, уверете се дека сте го запреле работењето, сте го ИСКЛУЧИЛЕ осигурувачот или сте го извлекле кабелот за напојување. Во спротивно, може да настане струен удар и повреда.

НАПОМЕНА

- НЕ користете бензин, бензен, разредувач, прав за полирање или течен инсектицид. **Можна последица:** Обезбојување и деформација.
- НЕ користете вода или воздух на 40°C или повеќе. **Можна последица:** Обезбојување и деформација.
- НЕ користете состојки за полирање.
- НЕ користете четка за триење. **Можна последица:** Завршниот слој на површината се лупи.
- Како краен корисник, НИКОГАШ не смеете да ги чистите внатрешните делови на единицата самите, оваа работа мора да биде извршена од квалификуван сервисер. Контактирајте го вашиот продавач.

1 Чистете со мека крпа. Ако е тешко да се отстранат дамки, користете вода или неутрален детергент.

7.3 Да го исчистите предниот панел



1 Чистете го предниот панел со мека крпа. Ако е тешко да се отстранат дамки, користете вода или неутрален детергент.

7.4 Да го отворите предниот панел

1 Запрете работење со .

Резултат: Предниот панел автоматски се затвора.


2 Отворете го предниот панел со користење на безжичниот далечински управувач. Видете "4.4.2 Отворете го предниот панел" [▸ 22].

Резултат: Предниот панел се отвора.

3 ИСКЛУЧЕТЕ го електричното напојување.

4 Повлечете ги надолу двете бравички на задниот дел на предниот панел.


5 Отворајте го предниот панел додека носачот не се вклопи на јазичето за прицврстување.



a Брава (по 1 на секоја страна)
b Заден дел на предниот панел
c Јазиче за прицврстување
d Поддршка

ИНФОРМАЦИИ

Ако НЕ МОЖЕТЕ да го најдете безжичниот далечински управувач или користите друг опционален контролер. Внимателни повлечете го предниот панел нагоре со рака како што е прикажано на следната слика.



7.5 За филтрите за воздух


Работењето со единицата со нечисти филтри значи дека филтерот:

- НЕ МОЖЕ да го деодорира воздухот,
- НЕ МОЖЕ да го исчисти воздухот,
- слабо греење/ладење,
- создава мирис.


7.6 Да ги исчистите филтрите за воздух

1 Гурнете го јазичето во средината на секој филтер за воздух, потоа повлечете го надолу.


2 Извлечете ги филтрите за воздух.




3 Извадете го деодорирачкиот филтер од титаниум апатит и филтерот со сребрени честички од јазичињата.



4 Измијте ги филтрите за воздух со вода или исчистете ги со правосмукалка.



5 Потопете ги во млака вода околу 10 до 15 минути.



ИНФОРМАЦИИ


- Ако правта НЕ излегува лесно, измијте ги филтрите за воздух со неутрален детергент растворен во млака вода. Осушете ги филтрите за воздух под сенка.
- Уверете се дека сте ги отстраниле деодорирачкиот филтер од титаниум апатит и филтерот со сребрени честички.
- Се препорачува да ги чистите филтрите за воздух секои 2 недели.

7.7 Да ги исчистите деодорирачкиот филтер од титаниум апатит и филтерот со сребрени честички (Ag-ion филтер)


ИНФОРМАЦИИ

Чистете го филтерот со вода секои 6 месеци.

1 Извадете ги деодорирачкиот филтер од титаниум апатит и сребрениот филтер за прочистување алергени од воздухот од сите 4 стеги.




2 Отстранете ја правта од филтерот со правосмукалка.



3 Потопете го филтерот во топла вода околу 10 до 15 минути.

Белешка: НЕ вадете го филтерот од рамката.




4 По миењето, истресете ја преостанатата вода и исушете го филтерот под сенка. НЕ цедете го филтерот кога ја отстранувате водата.

7.8 Да ги замените деодорирачкиот филтер од титаниум апатит и филтерот со сребрени честички (Ag-ion филтер)

ИНФОРМАЦИИ

Менувајте го филтерот секои 3 години.

1 Извадете го филтерот од јазичињата на рамката на филтерот и заменете го филтерот со нов.



ИНФОРМАЦИИ


- НЕ фрлајте ја рамката на филтерот, туку користете ја повторно.
- Фрлете го стариот филтер како незапалив отпад.

За да нарачате деодорирачки филтер од титаниум апатит или филтри со сребрени честички, контактирајте го вашиот продавач.

7.9 Да го затворите предниот панел


1 Поставете ги филтрите како што беа.

2 Малку подигнете го предниот панел и отстранете ја поддршката од јазичето за прицврстување.



a Заден дел на предниот панел
b Јазиче за прицврстување
c Поддршка

3 Затворете го предниот панел.



4 Нежно притиснете го предниот панел надолу додека не кликне.


7.10 Да го извадите предниот панел

ИНФОРМАЦИИ

Извадете го предниот панел само во случај ако МОРА да се замени.


1 Отворете го предниот панел. Видете "7.4 Да го отворите предниот панел" [▸ 63].

2 Отворете ги бравичките на панелот на задната страна на панелот (по 1 од секоја страна).




a Бравичка на панел

3 Лесно турнете ја десната рачка надесно да ја одвоите оската од отворот за оска на десната страна.



a Рачка
b Отвор за оска
c Оска

4 Откачете ја оската на предниот панел од отворот за оска на левата страна.



a Рачка
b Отвор за оска
c Оска

5 Извадете го предниот панел.

6 За повторно да го инсталирате предниот панел извршете ги чекорите по спротивен редослед.

7.11 Имајте ги во предвид следните ставки пред долг период на неактивност

Единицата нека работи неколку часа во режим **само вентилатор** за да се исуши внатрешноста на единицата.

1 Поставете го режимот во само вентилатор, видете "5.3 Режим на работење и поставена температура" [▸ 34].

2 Откако операцијата ќе запре, ИСКЛУЧЕТЕ го осигурувачот.

3 Исчистете ги филтрите за воздух и вратете ги во нивните оригинални положби.

4 Извадете ги батериите од безжичниот далечински управувач.

ИНФОРМАЦИИ

Се препорачува да се врши периодично одржување од експерт. За одржување од експерт, контактирајте го вашиот продавач. Трошоците за одржување се покриваат од страна на клиентот.

Во одредени услови на работење внатрешноста на единицата може да стане нечиста по неколку сезони на користење. Ова доведува до слаби перформанси.

8 Решавање проблеми

Ако се појави некој од следниве дефекти, преземете ги мерките прикажани подолу и контактирајте го вашиот продавач.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Запрете го работењето и ИСКЛУЧЕТЕ го напојувањето ако се случи нешто невообичаено (мирис на изгорено и сл.).

Оставањето на единицата да работи под такви околности може да предизвика дефект, струен удар или пожар. Контактирајте го вашиот продавач.

Системот МОРА да биде поправен од квалификуван сервисер.

Дефект	Мерка
Ако безбедносен уред како што е осигурувач, автоматски прекинувач или автоматски прекинувач за заземјување често се активира или прекинувачот за ВКЛУЧУВАЊЕ/ ИСКЛУЧУВАЊЕ НЕ функционира правилно.	ИСКЛУЧЕТЕ го главниот прекинувач за електрично напојување.
Ако тече вода од единицата.	Запрете работење.
Прекинувачот за работење НЕ функционира правилно.	ИСКЛУЧЕТЕ го електричното напојување.
Daikin окото светка и вие може да ја проверите шифрата за грешка со безжичниот далечински управувач. За да се прикаже шифрата за грешка, видете "8.2 Решавање проблеми врз основа на шифри за грешка" [▸ 73].	Известете го вашиот инсталатер и пријавете ја шифрата за грешка.

Ако системот НЕ работи правилно освен за погоре споменатите случаи и ниту еден од погоре споменатите дефекти не е евидентен, истражете го системот во согласност со следните постапки.

Дефект	Мерка
Ако системот воопшто НЕ работи.	▪ Проверете дали има струја. Почекајте додека не дојде струја. Ако снема електрично напојување во текот на работењето, системот автоматски рестарира веднаш откако е обновено напојувањето. ▪ Проверете дали предниот панел е отворен во текот на работењето. Запрете со операцијата и рестартирајте ја внатрешната единица со користење на безжичен далечински управувач или друг корисничкиот интерфејс (ако е поврзан). ▪ Проверете да не избил осигурувач или се активирал прекинувач. Заменете го осигуруваčот или ресетирајте го прекинувачот ако е потребно. ▪ Проверете ги батериите на безжичниот далечински управувач. ▪ Проверете го поставувањето на тајмерот.

Дефект	Мерка
Системот одеднаш престанува да работи.	▪ Проверете дали влезот или излезот за воздух на надворешната единица НЕ е блокиран од пречки. Отстранете какви било пречки и уверете се дека воздухот може слободно да поминува. ▪ Клима уредот може да запре со работа по ненадејни големи флуктуации на напон за да го заштити системот. Тој автоматски продолжува со работа по околу 3 минути.
Вентилаторот ќе запре при операција на проток на воздух.	Ако е достигната поставената температура, стапката на проток на воздух се намалува и работењето запира. Работењето ќе продолжи автоматски кога внатрешната температура ќе се подигне или спушти.
Подвижните капаци НЕ почнуваат веднаш да се нишаат.	Внатрешната единица ја прилагодува положбата на подвижните капаци. Подвижните капаци ќе почнат да се движат наскоро.
Операцијата НЕ започнува наскоро.	Во случај ако копчето ON/OFF било притиснато веднаш откако операцијата била запрена или ако режимот бил сменет. Операцијата ќе започне по 3 минути за да го заштити системот.
Системот работи, но ладењето или греењето не е доволно.	▪ Проверете го поставувањето на стапката на проток на воздух. Погледнете "5.8 Стапка на проток на воздух" [▸ 40]. ▪ Проверете го поставувањето на температурата. Погледнете "5.3.1 Да го започнете/запрете режимот на работење и да ја поставите температурата" [▸ 35]. ▪ Проверете дали поставувањето на насоката на проток на воздух е соодветно. Погледнете "5.9 Насока на проток на воздух" [▸ 41]. ▪ Проверете дали влезот или излезот за воздух на надворешната единица НЕ е блокиран од пречки. Отстранете какви било пречки и уверете се дека воздухот може слободно да поминува. ▪ Проверете дали филтрите за воздух се затнати. Исчистете ги филтрите за воздух. Погледнете "7 Одржување и сервис" [▸ 61]. ▪ Проверете дали има отворени врати и прозори. Затворете ги вратите и прозорите за да спречите навлегување на ветар. ▪ Проверете дали единицата работи во Еконо или Тивко работење на надворешна единица. Погледнете "5.12 Еконо работење" [▸ 47] и "5.13 Тивко работење на надворешна единица" [▸ 48]. ▪ Проверете дали има некаков мебел директно под или веднаш до внатрешната единица. Преместете го мебелот.

Дефект	Мерка
Системот работи, но греењето не е доволно (воздух НЕ се издувува од единицата).	▪ Клима уредот можеби се загрева за операција греење. Почекајте 1 до 4 минути. ▪ Ако се слушне звук на течење, надворешната единица може да биде во операција одмрзнување. Почекајте 4 до 12 минути.
Предниот панел НЕ се отвора.	Побарајте пречки и обидете се да го отворете предниот панел со користење на безжичниот далечински управувач. Погледнете "7.4 Да го отворите предниот панел" [▸ 63].
ВКЛУЧЕН/ИСКЛУЧЕН тајмер не функционира според поставките.	▪ Проверете дали Неделниот тајмер и ВКЛУЧЕН/ИСКЛУЧЕН тајмер се поставени на истото време. Сменете го или деактивирајте го поставувањето. Погледнете "5.15.2 Операција ИСКЛУЧУВАЊЕ/ВКЛУЧУВАЊЕ тајмер" [▸ 51] и "5.15.3 Работење на неделен тајмер" [▸ 53]. ▪ Проверете дали часовникот и денот од неделата се поставени точно. Погледнете "5.15.1 Поставување на часовникот" [▸ 50].
Доаѓа до неправилно работење во текот на операцијата.	Клима уредот може да не функционира правилно поради грмотевици или радиобранови. Ставете го прекинувачот на OFF и повторно на ON.
Единицата НЕ прима сигнали од безжичниот далечински управувач.	▪ Проверете ги батериите на безжичниот далечински управувач. Погледнете "4.1 Да ги ставите батериите" [▸ 20]. ▪ Уверете се дека предавателот НЕ е изложен на директна сончева светлина. ▪ Проверете дали во просторијата има некакви флуоресцентни ламби од тип со електронски стартер. Контактирајте го вашиот продавач.
Екранот на корисничкиот интерфејс е празен.	Заменете ги батериите на корисничкиот интерфејс. Погледнете "4.1 Да ги ставите батериите" [▸ 20].
Други електрични уреди почнуваат да работат.	Ако сигналите на корисничкиот интерфејс активираат други електрични уреди, преместете ги другите уреди подалеку и контактирајте со продавачот.

Ако откако ќе ги проверите сите погоре споменати ставки, не е можно сами да го коригирате проблемот, контактирајте со вашиот инсталатер и наведете ги симптомите, целото име на модел на единицата (со производствениот број ако е можно) и датумот на инсталација.

8.1 Решавање проблеми за безжично LAN поврзување

Следната табела обезбедува краток опис за тоа како да се справите со некои проблеми. Ако ниту едно од следните решенија не го средува проблемот, одете на app.daikineurope.com за повеќе информации и ЧПП.

Проблем	Мерка
Поврзувањето на безжичната LAN не е возможно (Daikin окото НЕ трепка во текот на поставувањето безжично LAN поврзување).	▪ Обидете се да работите со единицата со безжичниот далечински управувач или друг кориснички интерфејс. ▪ Проверете дали е вклучено напојувањето. ▪ Исклучете ја единицата и повторно вклучете ја.
Безжичната LAN НЕ е видлива на екранот за преглед на единицата (почетен екран) по конфигурирањето на WLAN адаптер (WPS опција).	▪ Уверете се дека безжичната LAN е доволно блиску до комуникацискиот уред. ▪ Проверете дали комуникацијата е во ред. ▪ Уверете се дека паметниот уред е поврзан на истата безжична мрежа како безжичната LAN. ▪ Обидете се да ресетирате на фабричкиот стандард и повторете го поставувањето. Видете "Да го ресетирате поставувањето на поврзување на фабричкиот стандард" [▸ 25].
Безжичната LAN НЕ е видлива на листата со достапни Wi-Fi мрежи на паметниот уред (опција со точка на пристап).	▪ Обидете се со префрлање помеѓу поставување на точка на пристап и WPS за да го смените безжичниот канал. Безжичниот канал МОРА да биде помеѓу 1~13. ▪ Проверете дали комуникацијата е во ред. ▪ Обидете се да ресетирате на фабричкиот стандард и повторете го поставувањето. Видете "Да го ресетирате поставувањето на поврзување на фабричкиот стандард" [▸ 25].
Прикажаната вредност на внатрешна/надворешна температура во апликацијата ONECTA се разликува од вредноста измерена со други уреди.	▪ Апликацијата ONECTA ја прикажува внатрешната/надворешната температура само за областа што ја опкружува внатрешната/надворешната единица. ▪ Измерената температура за други уреди може да се разликува поради различни услови околу единицата (пр. директна сончева светлина, насобирање на мраз...) ▪ Прикажаната температура на апликацијата ONECTA е само за информација.

8.2 Решавање проблеми врз основа на шифри за грешка

Дијагностицирање на грешка со безжичниот далечински управувач

Ако кај единицата настане проблем, може да го идентификувате дефектот со проверување на шифрата за грешка со безжичниот далечински управувач. Важно е да се разбере проблемот и да се преземат мерки пред да се ресетира шифрата за грешка. Ова треба да биде направено од лиценциран инсталатер или вашиот локален продавач.

Да ја проверите шифрата за грешка со безжичниот далечински управувач

1 Притиснете ··· да влезете во главното мени и одете до менито за поставување на безжичниот далечински управувач со користење < и >.

Мени за поставување безжичен далечински управувач



Верзија на софтвер (мени за самодијагностицирање)



2 Притиснете ✓ да влезете во менито.

3 Движете се до екранот софтвер и верзија со користење < и >.

4 Задржете притиснато ✓ најмалку 5 секунди да влезете во менито за самодијагностицирање.

5 Движете се до екранот со укажување на шифра за грешка со користење < и >. Притиснете ✓ да го потврдите изборот.

Покажување шифра за грешка



Листа на шифри за грешка



6 Насочете го безжичниот далечински управувач кон единицата и лизгајте низ листата со шифри за грешка со користење < и >, додека не слушнете долг бип.

Резултат: Долг бип укажува на соодветната шифра за грешка.

7 Притиснете ··· да се вратите на почетниот екран или притиснете ✓ да се вратите на менито за самодијагностицирање.

8.3 Симптоми што НЕ се дефекти на системот

Следните симптоми не се дефекти на системот:

8.3.1 Симптом: Се слуша звук како течење вода

- Овој звук е предизвикан од разладното средство кое тече во единицата.
- Овој звук може да биде генериран кога вода истекува од единицата при операцијата на ладење или греење.

8.3.2 Симптом: Се слуша звук на дување

Овој звук се генерира кога е сменета насоката на протокот на разладното средство (пр. при префрлање од ладење на греење).

8.3.3 Симптом: Се слуша звук на отчукување

Овој звук се генерира кога единицата малку се шири или стеснува со промените во температурата.

8.3.4 Симптом: Се слуша звук на свиркање

Овој звук се генерира од разладното средство кое тече при операција одмрзнување.

8.3.5 Симптом: Се слуша звук на кликнување при работење или во мирување

Овој звук се генерира кога функционираат контролните вентили за разладно средство или електричните делови.

8.3.6 Симптом: Се слуша звук на плескање

Овој звук се генерира кога надворешен уред го вшмукува воздухот од просторијата (пр. издувен вентилатор, аспиратор) додека вратите и прозорите во просторијата се затворени. Отворете ги вратите или прозорите, или исклучете го уредот.

8.3.7 Симптом: Се слуша звук сличен на факс кога предниот панел е целосно отворен

По проблем во снабдувањето со електрична енергија, предниот панел се отвора автоматски. Ако предниот панел бил веќе целосно отворен пред проблемот во снабдувањето со електрична енергија, механизмот за отворање емитува звук сличен на факс.

8.3.8 Симптом: Бела магла излегува од единицата (внатрешна единица, надворешна единица)

Кога системот се префрла на операција греење по операција одмрзнување. Влагата генерирана од одмрзнувањето станува пареа и се испушта.

8.3.9 Симптом: Единиците може да ослободуваат миризба

Единицата може да го апсорбира мирисот на простории, мебел, цигари и сл. и потоа повторно да го емитува.

8.3.10 Симптом: Надворешниот вентилатор се врти додека клима уредот не работи

- **По завршување на операцијата.** Надворешниот вентилатор продолжува да се врти дополнителни 30 секунди за заштита на системот.
- **Додека клима уредот не работи.** Кога надворешната температура е многу висока, надворешниот вентилатор почнува да се врти за заштита на системот.

8.3.11 Симптом: Поставката за стапка на проток на воздух НЕ продолжува кога Комфорен проток на воздух е деактивиран од апликацијата ONECTA

Ако операцијата Комфорен проток на воздух е деактивирана од ONECTA апликацијата, стапката на проток на воздух НЕ се враќа на претходната поставка за стапка на проток на воздух и внатрешната единица работи со автоматска стапка на проток на воздух.

8.3.12 Симптом: Операцијата вертикално автоматско нишање НЕ продолжува откако операцијата Комфорен проток на воздух е деактивирана

Дури и ако вертикално автоматско нишање било активно пред операцијата комфорен проток на воздух да биде деактивирана, Вертикалното автоматско нишање НЕМА да продолжи.

8.3.13 Симптом: Иконите за некои операции не се видливи на безжичниот далечински управувач, или некои функции не може да се активираат во апликацијата ONECTA

Некои комбинации на карактеристики не се дозволени (пример: режим само вентилатор и тивко работење на надворешна единица). Овие карактеристики може да се прикажат на ONECTA апликацијата, но функцијата НЕ МОЖЕ да се активира.

8.3.14 Симптом: Во ONECTA апликацијата, моќно работење НЕ е наведено ако активно

Кога е активирано моќно работење додека внатрешната единица е ИСКЛУЧЕНА, операцијата моќно работење може да не се прикаже како активна за 2 минути додека не се ажурираат податоците во облак.

8.3.15 Симптом: Автоматски режим НЕ е оневозможен во апликацијата ONECTA со поставката Ограничување на температура

Ако горната граница на греење е поставена пониско од долната граница на ладење во апликацијата ONECTA, тогаш Автоматскиот режим е поддржан во апликацијата ONECTA. Единицата може да работи во греење помеѓу минималната поставена вредност и горната граница на греење и во ладење помеѓу долната граница на ладење и максималната поставена вредност.

8.3.16 Симптом: Неделниот тајмер НЕ се деактивира кога ограничувањето на температурата е сменето во апликацијата ONECTA

Ако ограничувањето на температурата е сменето во апликацијата ONECTA, Неделниот тајмер останува активен. Поставките на Неделниот тајмер остануваат непроменети во апликацијата ONECTA. Поставките за точка на поставување во Неделниот тајмер НЕ се ограничени, дури и ако ограничувањата на температурата се поставени во апликацијата ONECTA.

Сепак, единицата може да ја ограничи точката на поставување во текот на работењето ако е надвор од дозволениот опсег. Конкретната вредност на поставената точка е прикажана на главниот екран на единицата во апликацијата ONECTA.

8.3.17 Симптом: Апликацијата ONECTA одговара со задоцнување

Може да има доцнење на екранот на апликацијата поради ажурирање на податоци.

9 Фрлање

НАПОМЕНА

НЕ обидувајте се самите да го расклопите системот: расклопувањето на системот, третирањето на разладното средство, маслото и другите делови МОРА да соодветствува со применливата легислатива. Единиците МОРА да бидат третирани во специјализиран капацитет за третирање за повторно користење, рециклирање и поправка.

10 Речник

Продавач
Продажен дистрибутер за производот.

Овластен инсталатер
Технички стручна личност која е квалификувана да го инсталира производот.

Корисник
Лице кое е сопственик на производот и/или работи со производот.

Применлива легислатива
Сите меѓународни, европски, национални и локални директиви, закони, прописи и/или шифри кои се релевантни и применливи за одреден производ или домен.

Компанија за сервисирање
Квалификувана компанија која може да го изврши или координира потребниот сервис на производот.


Упатство за инсталирање
Прирачник со упатства наменет за одреден производ или примена, што објаснува како да се инсталира, конфигурира и одржува истиот.


Упатство за работење
Прирачник со упатства наменет за одреден производ или примена, што објаснува како да работите со истиот.

Додатоци
Етикети, упатства, листи со информации и опрема кои се испорачани со производот и кои треба да се инсталираат според упатствата во придружната документација.

Опционална опрема
Опрема направена или одобрена од Daikin која може да се комбинира со производот според упатствата во придружната документација.

Се набавува на лице место
Опрема која НЕ е направена од Daikin која може да се комбинира со производот според упатствата во придружната документација.





Copyright 2026 Daikin

DAIKIN INDUSTRIES CZECH REPUBLIC s.r.o.
U Nové Hospody 1155/1, 301 00 Plzeň Skvrňany, Czech Republic

DAIKIN EUROPE N.V.
Zandvoordestraat 300, B-8400 Oostende, Belgium

4P847294-1 2026.06